СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Дел.бр.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 10 декември 1991 година

Скопје, декември 1991 година

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 10 декември 1991 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи имаме кворум за работа, можеме да продолжиме.

Отсуство од седницата само најави пратеникот Зоран Крстевски, и претседателот Стојан Андов.

Како што гледате претседателот на Собранието Стојан Андов е отсутен, на пат е, и ме овласти останатиот дел од седницата по овие точки да раководам јас со седницата на Собранието.

Продолжуваме со работа, всушност се враќаме на првата точка од дневниот ред на Дваесет и седмата седница, Предлог за изменување на Републичкиот буџет за 1991 година.

Предлогот за изменување на Републичкиот буџет и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно > поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор?

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Почитувани пратеници, Предлогот за изменување и дополнување на Републичкиот буџет за 1991 година беше разгледан од Комисијата за финансираше и буџет. Во расправата најпрвин се утврди

потребата од донесување на овој акт бидејќи според важечките прописи ребаланси можат да се донесуваат во текот на годината, но задолжително е донесувањето на ребалансот на крајот од годината, со тоа што Собранието може да го прифати понудениот текст или да предложи изменувања и дополнувања на истиот. Понатаму, на Комиси. јата беше констатирано дека во ребалансот на Буџетот има нееднаков третман меѓу корисниците на Буџетот, а имено се работи за следното.

Во одредени раздели и позиции има особено зголемување на

средствата како што е кај Министерството за внатрешни работи, Министерството за народна одбрана, Министерството за култура и други раздели и позиции. Исто така, Комисијата имаше свои конкретни забелешки и за оние министерства кои што биле предимензионирани со Буџетот, а сега трпат одредено намалување баш поради нереалното планираше во Буџетот, а тоа се во Министерството за образование, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за здравство.

Имајќи го во предвид нерамноправниот третман на сите корисници Комисијата констатира исто така, дека на правосудните органи особено оние кои што се преземени од општините, кои што Републиката ги презема од општините со ребалансот не им се утврдува никакво зголемување на материјалните трошоци што како нужно индицира кај одделни органи, правосудни, доста негативно да се одрази бидејќи со самото тоа не се овозможува правосудните органи да ги обезбедат и најелементарните услови за работа, како што на пример е и затоплувањето на судските згради.

Комисијата исто така укажува на потребата од што побрзо донесување на Републичкиот буџет за 1992 година бидејќи тој се донесува во три фази и тоа како основи за донесуваше, нацрт и предлог

за да навреме во Буџетот за 1992 година се исквантифицираат сите приходи и расходи кои што треба да се извршуваат и за да во крајна линија се има во предвид и политиката за развој во наредната година, бидејќи Буџетот е еден од параметрите на таа политика. Ова укажување е од причина за да не дојдеме во ситуација како оваа година Буџетот да го донесуваме во месец август и сега во декември да го донесуваме првиот ребаланс на Буџетот и да се наоѓаме во недостиг на време за што беше доста зборувано и при утврдувањето на дневниот ред за оваа седница околу ставањето на оваа точка од дневниот ред.

Исто така, дозволете ми да ги внесам ставовите на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, исто така по ребалансот на Буџетот. Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз при разгледувањето на Предлогот за измена и дополнување на Републичкиот буџет заклучи дека за истиот нема доволно образложение и од понуденото образложение не може да се согледа за што всушност се предвидуваат одредени поголеми износи кои го надминуваат просечното зголемување од 22,8%.

Исто така, Пратеничката група има сериозни забелешки околу натпросечното зголемување на одделни раздели и позиции кои што не се поткрепени со конкретна оправданост на едно такво зголемување. Зголемувањето на одредени износи за 2, а некаде и за три пати на одредени суми кај поедини министерства и кај одделни раздели како намалувањето односно останувањето на она што е предвидено во Буџетот кај други не упатува на заклучокот дека сите корисници на Буџетот се ставени под еднаков третман бидејќи помеѓу нив има огромна разлика.

Во структурата на ребалансираниот буџет се јавуваат исто така и одредени раздели, т.е. позиции кои се пониско утврдени од

постојниот буџет, бидејќи во постојниот буџет тие биле предимензионирани и нереално превисоко утврдени, а особено во Министерството за образование, здравство и труд и социјална политика, а се однесуваат пред се на личните доходи на вработените во овие спомнати министерства. Акцентот на несогласувањето со натпросечното зголемување на понудениот ребаланс го ставаме на разделот и шесте позиции во Министерството за внатрешни работи каде што две позиции се зголемени за три пати, а останатите четири позиции кои што се изменуваат во ребалансот се зголемени скоро за два пати. Во ова министерство со Нацрт на Републичкиот буџет беше најпрвин предвидено средства во висина од 1 милион 528.047 илјади динари за да во Предлогот кој што го усвои ова Собрание се предвиди сума од 1 милион 728,047 илјади динари, а сега во ребалансот на Буџетот за истото министерство вкупно се предвидуваат средства во висина од 2 милиона 107.197 илјади динари, значи зголемување од 37,9% во однос на Нацрт-буџетот. Поради ваквите изнесени несогласувања и одредени забелешки, а за да пратениците имаат поцелосен увид во извршената распределба на расходите, го молам министерот за финансии подетално да го образложи Предлогот за изменување и дополнување на Републичкиот буџет за 1991 година.

ХАМИД АЛИУ:

Дами и господа, почитувано претседателство. Со Буџетот како акт на претставничко тело, односно Владата се предвидуваат и одобруваат приходите и расходите на државата за одреден период, по правило за една година. Од 1806 година во француското финансиско законодавство за државен буџет од тогаш го прифатила науката и праксата скоро во сите земји како значаен план односно предвидување на приходите и расходите на државата кои што се одобрени за наредната година. Во класичната доктрина тој бил една аксиома ка

мудроста на буџетската политика. Економската функција на буџетот е повеќекратна преку Буџетот во современите држави се ангажира и троши повеќе од 1/3 од националниот доход. Најпрвин со буџетските приходи даноците и јавните долгови и другите фискални инструменти, а со расходите потрошувачката на Буџетот се врши крупен зафат и прераспределба на националниот доход. Преку Буџетот може директно и индиректно да се влијае на производството, производната структура и обемот на проширената репродукција. Буџетската потрошувачка како значајна компонента на агрегатното побарување има влијание на цените во стопанството и во финансиската рамнотежа на земјата. Буџетот претставува инструмент каде државата активно го користи за регулирање на стопанските токови и стабилизација.

Во состав на антиинфлациона политика, едноставно кога е во прашање инфлацијата на побарувањата Буџетот претставува ефикасен инструмент на компресија на побарувањата. Ефективната буџетска политика ја намалува потрошувачката на државата и се спроведува политика на вишокот на Буџетот обрнато во мерките за совладување на депресијата, проширувањето на буџетот, буџетските расходи се зголемува побарувањето, се стимулира и соживува стопанството. Ако се работи за инфлација на трошоците, намалувањето на буџетските приходи државата ја растоварува стопанството со фискалните обврски и остварува можности за компензирање на порастот на трошковите, затоа се избегнува порастот на цените. Целокупната структура на приходите и расходите на буџетот ја изразува политиката која ја води државата, и покрај тоа што апсорбира и прераспоредува големи средства. Буџетот е моќен инструмент за влијанието на политичките и социјалните односи во државата. Изборот на изворите, на приодите и распоредот на фискалниот товар, одредувањето на приоритетот и целта каде државата ќе ги троши

има основен и тесно финансиски и неоспорен политички значај.

На 14 јуни 1991 година имавме можност да расправаме за Нацртот на Републичкиот буџет за 1991 година. Основни претпоставки за изготвување на Републичкиот буџет е новата концепција на финансирањето на општествените дејности преку самоуправни интересни заедници, односно истите треба да се финансираат преку Буџетот, односно фондови за пензиско и инвалидско осигуруваше, здравство и за вработувањето. Како дополнителна мерка наведува Владата заради реализирање на трајната општествена определба за растоварување на стопанството е намалувањето на даноците и придонесите од добивката и личниот доход за 10% освен во културата и образованието. Во Предлогот за изменување на Републичкиот буџет за 1991 година вкупните приходи изнесуваат 9 милијарди 450 милиони динари се заменува со зборот 11.608,531 милион толку се и расходите. Изворните приходи од 8 милијарди и 200 милиони се заменуваат со износот 10 милијарди 904.531 илјада динари. Утврдени намени износот од 9.165.603 милиони се заменува со износот од 11.324.134 милиони, односно порастот на Буџетот е за 22,8%, а во Програмата за работа на Владата на Република Македонија од 20 јуни 1991 година за буџетот и буџетската структура Владата во сферата на потрошувачката ќе настојува да остварува 3 основни цели.

Прво, вкупното оптоварување по сите даночни основи освен данокот на промет во стопанска активност до 1995 година да се сведе на ниво на оптоварувањето што го имаат средно развиените европски земји.

Второ, потрошувачката во општествените дејности и социјалната сфера да оствари учество во националниот доход до висината што ќе обезбеди ниво што ќе одговара на степенот на стопанскиот развој .

Трето, интервенциите во стопанството и регулирањето на јавниот долг за решавањето на дефицитите во стопанството и општествените дејности на Републиката.

Од сето изнесеното прашувам, на крај дали ја знаеме структурата на стопанството во Македонија и дали какво што е нашето стопанство може да ги поднесе сите овие давачки, барам одговор од соодветниот министер.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници, ставајќи го на вага образложението што го дава Министерството за финансии за прифаќање на ребалансот на Буџетот за 1991 година и аргументите кои преовладуваат кај мене за потребата од донесување на ребаланс, морам да бидам искрен и да кажам дека не можам да дојдам до резултанта за да можам да го дадам својот глас за или против. Имено, аргументите кои што се дадени во образложението на Министерството по мене, колку можев да ги разберам, можам да ги поделам во три групи, а тоа се, дека Министерството ја следи динамиката на извршувањето на Буџетот, веројатно тој не се извршува така како што е планиран. Второ образложение, односно аргумент е доставените барања за зголемување на планираните средства од Буџетот, значи има сектори, односно места каде тие средства кои беа планирани со Буџетот недостасуваа и како трет аргумент е предвидените нови барања и потреби кои произлегоа после усвојувањето на Буџетот за 1991 година.

ВАНЧО МЛАДЕНОВ: (Продолжение)

Тоа се, како што реков аргументите на Министерството за финансии за потребите од донесување на Ребаланс на буџетот и покрај тоа што, како што рече колешката претседател на Комисијата за финансирање и буџет дека и вообичаена е пракса на крајот на годината да се прави ребаланс на буџетот за тековната година, Меѓутоа, ценејќи, според мое размислување дека буџетот како една општа потрошувачка е основен генератор за поттикнување на инфлацијата, а настојување наше е да ја стабилизираме економската состојба во нашата Република за да може да се добие економски амбиент кој ќе овозможи постабилно работење на стопанството на нашата Република, како за зачувување на сегашните претпријатија во една добра состојба кои ќе може да го понесат товарот на стабилизацијата во напата Република и поттикот на формирање на голем број мали и приватни претпријатија за кои се определивме дека се перспектива во развојот на економијата во нашата Република и дека тука треба да го наоѓаме решението за вработување на голем број невработени работоспособни наши граѓани и за добивање на економска подлога за развој на нашиот политички систем во Републиката. Од таа причина, реков, до колку се согласиме да прифатиме ребаланс, иако бројката и не е така мала, скоро 1/4, како што беше истакнато во некои делови од Буџетот имаме зголемување дури до три пати од предвидените средства. Тоа во секој случај ја поттикнува инфлацијата и претставува основен генератор, како што реков, за нејзино зголемување,

За мене едно друго прашање е многу побитно во овој момент во кој сакаме да создадеме еден стабилен амбиент за стопанисување, тоа фактички не го дозволува односно ги негираме нашите настојувања во стопанството кое што, на сите ни е познато во каква состојба се наоѓа, не обезбедуваме еден стабилен економски развој односно стабилни услови за работење за да можат стопанските субјекти да се осврнат на преструктуирање на своето производство и наоѓање на пазар, бидејќи познато ни е дека пазарот во Југославија, да не речам и во Републиката е толку мал за да може ова производство кое и сега е намалено, дури и некаде и за 50% сепак да најде пласман односно трудот што е вложен да може да се валоризира и да се создадат средства за обезбедување пред се на проста репродукција, уште повеќе што е најнеопходно во овој момент да се обезбедат средства за проширена репродукција односно да отпочне веќе еднаш процесот на инвестирање и отворање на работа и за организациите кои тоа треба да го прават, а и за обезбедување на нови вработувања на голем број невработени во нашата Република, а со тоа избегнување на социјалниот колапс кој ни претстои пред нас. Од таа причина мислам дека, јас еве ценејќи го своето учество во оваа расправа и својот придонес, сакам да најдам оправдување за да на крајот. од расправата сепак го дадам својот глас, а при тоа мојата совест треба да биде чиста за да не дојдам во сферата на она што го реков на почетокот дека го кочам јас развојот на економијата во нашата Република или пак го кочам развојот на она што е така наречена потрошувачка односно она што го следи и стопанството а и она што претставува надградба во нашата Република. Во овој момент пак ќе кажам, доколку ен добијам поголем број на аргументи

кој ќе може да ме убедам во потребата од донесување на овој ребаланс, сигурно дека нема да бидам во состојба да го дадам својот глас. А ова уште еднаш потврдува и се обраќам до Владата дека навистина треба да се дадат во што е можно пократко време макроекономската политика за да можеме да бидеме во состојба сите стопански субјекти а по готово како што реков она што е наша цел за оние што сакаат со свои средства и свој труд да формираат приватни претпријатија односно да обезбедат вработување за себе и за другите, да можат да има еден амбиент во кој ќе знаат што ги очекува и како треба да се постават и да се организираат за да почнат да работат и да обезбедат доход за себе и за општеството во целина. Тоа што  останува како дилема и се надевам во наредната расправа, пред се, министерот за финансии и другите министри ќе му дадат дополнителни одговори односно појаснувања за да можеме ние со чиста совест да го прифатиме предлогот на ребалансот на буџетот за тековната 1991 година.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас имам само 2-3 констатации и 2-3 прашања.

Првата констатација е дека Ребаланс на буџетот ни е секако потребен. Минатиот пат реков дека во услови на толку висока инфлација ни 1 месец не е доволен ни сигурен период за да планира една потреба, а не пак година дена со инфлација која се движи со над 20% месечно.

Второ што сакам д констатирам дека начинот на кој е прикажан Буџетот не е доволно прегледен и не е доволно јасен за да можеме сите ние да констатираме за колку всушност средства се работи, колку тие средства всушност се оптоварување

на националниот или општествениот производ на Републиката, како може тоа да се компарира со други буџети, да речеме во други републики или други земји за да го видиме објективното оптоварување на стопанството. И еве, во врска со ова еден до два аргументи.

Прво, имаме сума предвидена која што со Ребалансот од 22,8 треба да изнесува некаде околу 11 милијарди и 608,00 милиони динари. Меѓутоа, да за да се обезбедат овие средства се предвидува продолжување на буџетската година за 1 месец. Тоа оптоварување сега во првиот момент се губи од вид, а ќе дојде до израз кога ќе го правиме буџетот за 19 92 година кога и тоа ќе мора да се вклопи и објективните потреби за цела 1992 година. Тоа е првата работа што би сакал да ја коментира претставникот на Владата.

Втора работа, ми е и со овој пристап на формирање на јавни приходи не се ослободивме од вон буџетската потрошувачка бидејќи овде се работи за 11.608,00 милијарди динари, но во нив на пример не се вклучени средствата за пензиско-инвалидско осигурување, за вработување и здравство кои што се формираат надвор од Буџетот низ фондовите што ги формиравме и низ законски прописи, а се работи всушност исто така за јавна потрошувачка V што ја обезбедува државата преку истите речиси механизми на зафаќање од доходот, или преку личните доходи како основица од стопанството, приватни или неприватни. Всушност и тоа е јавна потрошувачка, па кога ќе се соберат средствата 11.б08,00 милијарди и огромните средства, а најмногу се високи позициите за пензиско и инвалидско, за вработување и здравство, тогаш ќе добиеме ние реална претстава за јавната потрошувачка во нашата Република и тогаш така собрани средства ќе ни дадат шанса за

компарација со други оптоварувања во други земји, како процентуално учество на пример во општествениот производ за да може да одлучуваме полесно.

Другата констатација е за непрегледноста за лица кои не се занимаваат толку стручно како нас пратениците, отсуството на индексација на позициите што се дадени во Буџетот. Тоа на пример може да се пресмета бидејќи во образложението има колку биле на колку се зголемуваат и секој од пратениците сам да пресметува колку изнесува порастот. Меѓутоа, не му било тешко нас предлагачот да го направи сам и ние веднаш да можеме да видиме за какви пораси и за каква структура се работи на Буџетот, ниту пак структурно процентуално не е тоа дадено, треба да извлекуваме ние секој од нас пресметки. Или, кога се бара ребаланс ќе беше добро да имавме што е собрано од средствата до претходниот период во Буџетот така како што го усвоивме на почетокот, што е извршено од тоа и колкав пораз изнесува ова ново што се бара. Таков јасен преглед исто така отсуствувал од Буџетот но ако малку повеќе се задлабочиме би можеле да дојдеме до соодветните заклучоци. Тоа е едната работа во врска со прегледноста на реалната големина и зафаќањата од стопанството.

Уште две конкретни прашања би сакал да се коментираат од претставникот на Владата.

Ние имаме информации на пример од обласата на образованието, особено од основното образование дека средствата кој се предвидени во Буџетот ни од далеку не се достапни за потребите на основното образование. Според информацијата од тие надлежни институции се работи за недостаток можеби од 500 до 700 милиони динари. Прашањето е како ќе се решат потребите,

на пример конкретно еве на основното образование, ако не на целината, кога во Уставот имаме запишано да речеме дека основното образование е гарантирано од страна на државата и потребите фактички со тоа ги задоволува државата. Имаме јасна одредба за тоа, а реагирањата од оваа сфера се огромни.

Второто прашање за коментар од претставник на Владата би било во врска со новововедената позиција во Буџетот. Една до новововедентие позиции, можевте да видите дек се и средствата за девизни резерви во Републиката, бидејќи како што вели таму е од посебно значење за државноста на Републиката. За таа државност на Републиката има предвидено 246 милиони динари кои што ако се претворат во долари нема да добиеме повеќе до 3 милиони динари, како обид да се почне или да се продолжи ако е почнато со зголемување или обезбедување на девизни резерви во Републиката, Тоа е стравовите малку, па во рамките на сето тоа вкупно, за образованието, за девизните резерви и за оваа целина на вкупните средства на буџетите, прашањето е дали има шанса, според претставникот Владата за некое поинакво преструктуирање на позициите на предложениот буџет односно на Ребалансот на буџетот.

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Иако во почетокот општ претрес, меѓутоа, бидејќи очекувам дека претставник на Владата ќе даде образложение аз сите поставени прашања, би имал и јас конкретни прашања без кои мислам не би дигнал рака за овој Ребаланс на буџетот доколку не би добил соодветен одговор.

Прво, веднаш во прегледот во приходите на Буџетот, знаејќи некои други приходи кои не се наведени овде, се поставува прашањето кај се тие приходи или се работи конкретно за приходите до царина и приходите кои беа воведени по одлуката за надомест од цената на нафтените деривати, ПТТ услугите и ел. енергија. Бидејќи ги нема тука добивам впечаток дека оваа Влада покрај овој буџет има други 2-3 буџети кои што ние не ги гледаме. Би сакал да ги дивиме и тие буџети, бидејќи мислам дека се работи за голема сума на пари.

Сега би имал конкретни прашања за кои би барал соодветни одговори.

Почнувајќи од почетокот кај што е раздел 4 за Владата на Република Македонија, останува една дилема. Вели извршени трошоци 1.645.000,00 милиони динари а се предвидува до крајот на годината 5.900.000,00 милиони динари. Тоа е зголемување од 400% за само краток период од 2,5 месеци. Се поставува прашање зошто овие и каква ќе биде намената на овие средства. Оваа забелешка е присутна кај повеќето министерства.

Посебно да кажам што може да се забележи, или да не речам повеќе одудара од другите Министерството за внатрешни работи. Како прво, ме изненади една работа бидејќи кај сите министерства има средства з лични доходи на вработените, а кај ова министерство нема лични доходи. што значи тоа, тие нема да земат плата понатаму, или јас некои работи не ги разбирам. Би требало да се даде одговор на тоа, бидејќи сите министерства ќе се плаќаат до крајот на годината, а за ова некако не ми е јасно што ќе биде работата.

Исто така, за програмата за модернизација, во ред е тоа, меѓутоа, повторно имаме зголемување од 300% и повторно се поставува прашање, бидејќи буџетот го носевме некаде крајот на јули месец, ние изгледа не предвидовме дека е можно толку големо зголемување.

Исто така имам прашање и во врска со ова Министерство. Тоа се предвидена станови за вработените. Можеби не ги разбирам работиве, дали станови ќе се делат само за оние вработени кој се во Министерството за внатрешни работи или има и за други министерства. Би сакал да добија, одговор на тоа прашање.

Кај Министерството за финансии ми остава впечаток ова 113-а, средства за други општи и општествени потреби нема ништо планирано, а сега одеднаш една сума која јас не можам ни да ја прочитам. Од прилика изнесува 264 милиони динари. Тоа се огромни пари. Дали се работи за техничка грешка или е посреди нешто друго, но без разлика на тоа ако се и 264 милиони навистина е огромна сума па би сакал да добијам одговор на тоа прашаше. Во секој случај мислам нешто не е во ред технички тука.

Исто така посебно прашање би било околу личните доходи гледано воопшто во сите министерства и во судството. Кај некои има изразено зголемување од 30,40% меѓутоа кај некои има 120-130%. Дали тоа значи дека во тие министерства ќе се примаат нови вработувања или кај ние платата ќе се зголемува дупло или тродупло. Еве посебно кај Министерството за урбанизам каде од 20 се предвидува на 43 и тоа се однесува само на лични доходи, за 3 месеци, додека во овие 20 се од претходните 9 месеци и се јавуваат некои нелогичности.

Во врска со Министерството за земјоделство повторно ќе поставам едно прашање што мислам дека би требало да биде актуелизирано во Буџетот. Имавме информација за земјоделието се развија доста плодни дискусии, имаше некои иницијативи и тие иницијативи би требало да бидат во Буџетот соодветно претставени. Конкретно станува збор за прашањето ќе правиме ние берза на земјоделски производи или не. Ако не правиme во ред, ако правиме мислам дека уште сега треба да бидат издвоени средства за оваа намена. Ова е засега недефинирано, па би требало ако навистина размислуваме на таа линија и конкретно да биде покажано со соодветни показатели односно во овој случај тоа би било со соодветни средства.

Малку во дилема ме става Министерството за образование и физичка култура каде што извршените 642 милиони до 20.Х.,се предвидуваат 1.462.000.000,оо со Ребалансот на буџетот, што е повторно некаде 120% зголемување. Од каде тоа само за 3 месеци. Истото прашање останува и за основното образование. Мислам дека треба да се даде одговор на кој начин ќе биде сега реализирано што се предвидува со Ребалансот, Истото прашање се јавува и кај Министерството за култура каде што од 134 се планира 413 милиони.

Во врска со другите забелешки, на страна 16 имаме активности сврзани со демилитаризација на Републиката. Би саскал да знам кој се тие активности што се правени од Владата за таа демилитаризација, по чија одлука и практично што тоа значи. Се работи за сума од 2,5 милиони динари и би сакал да се дадат конкретни показатели за тоа.

РИСТО СТАНКОВСКИ: (Продолжение).

На крајот, за сите општински судови присутна е една забелешка, не баш кај сите, зголемувањето на личните доходи за овие 3 месеци оди некаде за 120%, во однос на извршеното до 20 октомври. До 20 октомври под претпоставка е земена платата за септември,а некои можеби и за октомври и сега за 2 месеци да имаме 100% не личен доход како поединечно, туку зголемуваше во маса само за овие 2 месеци, што отприлика се јавуваат дилеми дали се работи за некоја погрешна проценка или ќе има некаде зголемување на вработувањата или не би знаел да кажам за што се работи.

Затоа би сакал да добијам одговор на сите овие прашања за да дадам соодветно мислење по овој ребаланс. ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитувани пратеници, јас потполно ја сфаќам Владата и оваа интервенција за ребалансот на буџетот затоа што ако имаме дневна политика ќе имаме и дневна економија, односно дневно стопанство.

Јас би сакал од Владата да се прокоментира само разделот 21 каде се работи за Министерството за образование. Гледам од сите 184 раздели што ги имаме тука само во разделот 21 каде министерството за образование имаме намалување на износот на личните доходи за работниците од 18 милиони и нешто односно 392 илјади на 12 милиони и 592 илјади. Иако гледам дека за другите намени во образованието имаме зголемување, меѓутоа, во сите овие раздели каде што се зборува за лични доходи немаме никаде намалување на износот освен во Министерството за образование.

ШАБАН ПРЕБАЛА:

Почитувано Претседателство, почитувани колеги и господа, јас немав намера да дискутирам во детали во врска со Буџетот, за него расправавме на комисиите и извештаите се тука.

Од Комисијата за економска политика и развој произлезе една констатација која се сведува на следното:

- Дека се поддржуваат измените на Буџетот на Републиката за 1991 година и констатира дека ваквите измени се неопходни заради ново утврдените обврски на Републиката сврзани со донесувањето на новиот устав и актите за самостојност на Република Македонија. Повисокиот пораст на цените од планираниот, преземање на функциите од општините, како и голем број околности кои објективно не можат да се согледаат при конципирањето на Буџетот за оваа година. Мислам дека на тоа се сведува и не би требало, со оглед дека се работи за ребаланс на Буџетот, а не за донесување на нов буџет, се работи за една корекција неопходно потребна заради околностите што беа изнесени овде, динамиката на порастот на цените и непредвидените околности при конципирањето на Буџетот, мислам дека генерално со право Комисијата што ја водам јас, а јас лично сугерирам генерално треба да се поддржи и да се донесе ребалансираниот буџет и покрај дилемите што се непобитни. Еве уште 20 дена ја заклучуваме и оваа година а наскоро ќе имаме и прилика веројатно првите месеци од идната година да расправаме по буџетот за идната година, па тогаш би се задржале на прашања кои во текот на оваа година односно 1991 година кога моравме Буџетот да го носиме на крајот на првото полугодие во едни други околности, па да не губиме многу време и да не се надмудруваме што е што.

Што се однесува до некои прашања што тука беа покренати, затоа и станав, мислам кога станува збор за Буџетот и инфлацијата треба да се има предвид што се предвидува со структурата на буџетот, па потоа да се разговара за тоа. Буџетот би бил инфлациски доколку се испумпуваат средства од стопанството на терет на стопанството и се трошат преку нас, преку органите на управата. Меѓутоа, структурата на приходите говори дека напротив овој буџет е антиинфлаторен заради тоа што од една милијарда и 894 и нешто милиони динари од изворни приходи една милијарда и 200 милиони се предвидуваат од данок на промет. Тие средства дали ќе ги трошат граѓаните или ние односно општествените дејности корисниците на Буџетот тие ќе се трошат. Меѓутоа  за мене и овој буџет е антиинфлаторен заради тоа што дел од нив се насочени во инвестиции и 264 милиони за купување на девизи. На некој начин имаме дезавуирање на средства кои во нормални околности би оделе на потрошувачка.

Според тоа, мислам дека не држат тие дилеми дека со овој буџет, со овие измени, со овие корекции влеваме уље на огинот. Мислам дека се работи за една мала интервенција и треба да смогнеме снаги и во духот на она што и матичната комисија го сугерираше да се прифати и поддржи.

Што се однесува до споредувањето на овој буџет со буџети на развиените земји, што истакна колегата Гошев, мислам дека се уште не можеме да зборуваме за некое споредување. Ова е типичен буџет на една социјалистичка земја од типот што ја имавме, а се работи на нов концепт за даноци, за нов концепт на даночна политика, тоа најверојатно ќе биде во текот на идната година, за што ќе водиме расправа и тогаш ќе изготвиме буџет што ќе биде споредлив и со буџетите на развиените земји и тогаш навистина ќе имаме можности да расправаме како деловни луѓе.

Еве тоа да размислиме за да не губиме време и повторно инсистирам да го поддржиме ребалансот и да ја завршиме работата и да посакаме приходите што ќе се користат од јануари 1992 година на некој начин во таа година да ги надоместиме да не влеземе со загуба и идната година да имаме рамнотежен буџет.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Сугестијата е добра, но имаме уште двајца пријавени дискутанти.

Има збор Стојмир Цветковски.

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, пренесувајќи го мислењето на една мала општина каде исто така на некој начин се разгледува проблемот на ребалансот на Буџетот и сакам на некои забелешки што се направени во општината од страна на раководната структура да ги пренесам и на вас.

Една од забелешките е што поодделни стапки во однос на зголемувањето на ребалансот во Буџетот, а тоа е пред се, во ресорот на Службата за внатрешни работи, правосудните органи, истурените органи на управата од поедини министерства во општините рапидно се зголемени, а спредени со личните примања на другите структури на службениците во општината, во локалната самоуправа, на ресорот во здравството, каде што едно мало место се стационирани, но барем до сега толерантно присутни се разликите. Сега имаме една таква состојба имаме еден обичен милиционер има поголем личен доход од еден лекар, имаме судија кој беше ист во однос со платите со лекарите, сега е половина над нас. Во овој миг важно е да се каже затоа што

и онака изострените социјални тензии и политичко-безбедносната состојба добро им доаѓа во раце на сите тие кои на некој начин сакаат од нешто да направат поголем проблем. Затоа ќе ве молам во наредното ребилансирање и во однос на разрешувањето на проблемот посебно на личните доходи да се има предвид и другите структури кои личните доходи ги примаат преку фондовите дали пензионо, фондот за здравство и другите фондови за вработување би требало од страна на Владата тоа истовремено да се врши за да не се создава неповолна политичка клима посебно во малите места каде се таквите соодноси согледливи.

На крајот сакам да кажам дека има сериозна забелешка од страна на вработените во здружениот труд кои делумно партиципираат во создавањето на Буџетот, преку данокот на личниот доход и др. Кои воглавно во Крива Паланка, а верувам и во други места во Републиката грозто се под нивото на Републичкиот просек од една страна и од друга страна се борат со социјални проблеми. Сега имаме нудење со ребалансот на вакви зголемувања како што претходно кажав.

На крајот сакам да кажам имајќи го предвид проблемот иако не е диреkно во врска со Буџетот на големиот број на невработени. Постои голем број на невработени со вишо и високо образование и мислам дека не е лошо ако не во оваа година, тогаш во наредната година тој проблем на сукцесивно вработување посебно за овие со висока школска подготовка да се вршат одредени републички дотации тие со високо образование,а не се вработени да се издвојат фондови да почнат со стажирање и да се вработат. Мислам дека ова ќе биде најдобро во сегашниот момент затоа што оваа структура

сите кои се под просекот на личниот доход во Републиката,невработените со високо образование и вишо тоа се регрути кои не се баш најдобро наклонети на новосоздадената^држава.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Имајќи ја предвид одлуката на Владата за промена на курсот на динарот јас би поставил едно прашање од каде Владата ќе најде средства и од која позиција на Буџетот ќе ги покрие курсните разлики предизвикани со оваа одлука. Бидејќи тоа се значајни средства кои ќе го оптоварат или стопанството или банките и би молел Владата да даде одговор како и на кој начин ќе се реши прашањето на курсните разлики. Би било добро ако министерот за финансии би бил во можност да каже како и на кој начин ќе се обезбедат средства за исплата на девизните заштеди на граѓаните. ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа. Ако се сеќавате кога расправавме за дневниот ред и кога имаше предлози ребалансот на буџетот да се симне од дневниот ред, јас реков дека таа точка треба да стои на дневниот ред, па за 2, 3 дена сигурно добро око ќе најде што се има промени и измени внатре. Овде гледаме дискусии кои укажуваат на многу работи кои не тераат на огромно размислување што значи еден ребаланс на еден буџет некаде при крајот на годината.

Прво, да појдам од она народната. Дома кога немаме пари се расправаме, се караме. Од каде пари, кој ќе даде, кој ќе земе. Сигурно ќе мора да имаме предвид неколку работи во нашата држава Македонија. Ние донесовме акт за осамостојување и сувереност. Мора да бидеме свесни дека нашата сувереност ќе не чини многу

Ова не е за потсмејување или некоја шега, нашата сувереност, нашата меѓународна правна признатост ќе мора да биде поткрепена и од економска страна. Ќе мора широко да ги отвораме вратите на сите фабрики, на сите претпријатија, на сите стопанства и приватни, ќе мораме таа даночна полиција да ја усредсредиме така на секој невработен и јас и оној што е курир и чистач да има свој таксејшум на Запад така го викаат не може да прими личен доход ако од таму не се одбие динар за ова, динар за она. Кај нас го нема тоа. Кај нас има многу фирми приватни каде работат по двајца, тројца некаде и 50 души и газдата од џеб ќе извади пари и ќе им исплати, а дали плаќа данок или не, тоа никој не го проверува. Тоа не е само еден пример, тоа значи ни останува голема задача да ја обавиме таа работа, а овде ќе се расправаме за пари. И за нас ќе се расправаме и за овие што не опслужуваат ќе расправаме и за нив. Има многу средства во разделот за финансирање на полицијата. Еден обичен полицаец. Јас тој збор би го прокоментирал малку, тој еден обичен полицаец денеска, во овие услови кога ништо не е сигурно неговиот живот е ставен на коцка, било каде да се наоѓа, па не знам дали е тоа обичен полицаец. Не би имало смисла така да ги навредуваме луѓето. Не сум присталица на навреди на луѓе, меѓутоа, таквите обични полицајци кои кружат низ градовите и секаде низ нашата држава по пет, шест комбиња полицајци да не дојде некоја мечка или волк, тоа не се обични луѓе, да се разбереме. Мораме да знаеме дека се наоѓаме во лоша состојба, вие го знаете тоа. Ако немаме војска, ако војската е тргната, таа војска некој треба да ја замени. Веројатно има некој одговор овде, претпоставувам, а колку се моите сознанија тоа значи дека нашата полиција не е она што беше, туку е нешто повеќе и така треба да биде затоа што ете колку толку таа наша самостојност, нашите граници, внатрешната безбедност и нашиот мирен сон да биде малку помирен.

Знам дека немаме пари, немаме заради тоа што работниците не примаат личен доход. Нам ни претстои социјална тензија и голем глад. Ете да дочекаме да дојде мирот сигурно малку поинаку ќе се однесуваме, сигурно подобро ќе живееме, и можеби овде министерот за финансии или Секторот за развој ќе направи подобар биланс на потребите на општата и заедничката потрошувачка на општите општествени потреби.

Ако направиме само еден пресек, ако можеме тоа да го направиме, а мислам дека можеме секој од нашето стопанство го прави тоа, на некој начин е обврзан тоа да го направи за својата работна организација. На пр. ако го анализираме нашето вкупно стопанство со индекс 100, да речеме 100 динари и од тие 100 динари што оди за материјални расходи, што оди за нето личен доход во џеб, тоа е некаде 7 до 8% во просек. И што оди за даноци и придонеси од личниот доход и што оди даноци и придонеси од добивката, што останува внатре во работната организација заедно со амортизацијата. Амортизацијата се подјадува што значи скоро ништо не останува за работната организација, во џеб ставаме нето личен доход 7 до 8 динари од тие 100 динари, за општите општествени потреби одат некаде, да не речам колку, срамота е, меѓутоа, тоа е нашето стопанство, друго немаме, никој нема да даде сега за тоа нашата самостојност, нашата сувереност ќе мора да ја одбраниме со една подобра економија со стегање на каиш, со намалување на одредени видови на потрошувачка за да може утре да биде поубаво. Па, според тоа, јас не гледам вина кај предлагачите на материјалите дека направиле вакво или онакво дело, тоа се потреби. Јас сум за тоа да се прифати ова што го предлага Владата, знам дека тоа ќе

биде на товар на сите што работат и на нашите џебови и на оние директни производители од материјалното производство, меѓутоа, ајде нека биде, нека падне заклучок, даночната полиција што станува со неа, што е тоа повеќе на добивката кај приватните. Ние гледаме пораст кај приватниот сектор за 24%, дали соодветно доаѓа од таму динарот за државата за општите и општествени потреби, Мислам дека не доаѓа.

ФАИК АБДИ: (продолжени)

Колку јас знам не доаѓа до соодветно наградување. Знаеме дека исто така образованието и воспитувањето е за никаде. Треба да се помогне. Но, сепак, се прашуваме од каде.

Ве повикувам сите вас пратениците да го донесеме овој ребаланс на буџетот. Предлагам да гласаме за него, со тоа што сметам дека ние овде ќе мора да се задржиме многу повеќе при конструкцијата на нашиот иден развој, општествено економскиот развој за 1992 година, што побрзо да го видиме. Мора да знаеме што ќе правиме идната година. Ние уште пливаме. Ние не знаеме ништо. Мора да се спуштиме на земја. Мора да знаеме која е приходната а која е расходната страна. Во ова што ни претходи сега, во оваа хиперинфлација, кој е оној што ќе може да планира некој буџет? Денеска ќе планира волку, утре поинаку. Тоа е огромна депресијација врз наша валута. Да размислиме дали треба наша валута.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господин Димитар Поповски.

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Јас нема да ви одземам многу време од причина што не сум многу вичен во оваа проблематика што е на дневен ред, меѓутоа тоа не ми пречи да забележам дека во целиов материјал од околу 80 страници физичката култура е само во насловот, раздел 21, Министерство за образование и физичка култура. Јас би поставил едно елементарно прашање до изготвувачот и предлагачот на ребалансот, кои се причините што не е предвидена физичката култура ниту во дејноста, не зборувам за личните доходи за да добијам

малку поголемо појаснување како би можел да се вклучам во дискусијата. ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Листата на пријавените дискутанти е исцрпена.

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави господин Николов.

ДУШКО НИКОЛОВ:

Почитувани пратеници јас повеќе би поставил прашања отколку би дискутирал.

За мене не претставува некој посебен проблем ребалансот отколку како би се изготвил буџетот за наредната година. Тука го гладам основниот проблем и подобро би било да слушнеме малку од министерот.

Додатно прашање, проблемот е во тоа што практично приходот што треба да се оствари во наредниот месец, јануари односно февруари, би било трошок за 1991 година.

Трета работа, без разлика што овде се потенцираше како аргумент повеќе дека поради пренесување на одредени функции од општините практично се зголемуваат одредени позиции како трошок.

Во прилог на тоа би било добро да слушнеме што се случува со средствата на општините до 30.VI. имајќи предвид дека голем дел од сите прописи и закони беа во надлежност и како трошок и како собирање на средства во општините, а овде, во буџетот, не можам да ги забележам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор господинот Томислав Стојановски.
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Ќе кажам едно свое извинување, почитувани колеги, не ја познавам оваа материја ниту од далеку ниту од блиску, туку ќе кажам начелно. Ребалансот значи да се направи исправка во

трошење на средствата и кои позиции од буџетот ќе се плаќаат или не.

До ваквото размислување дојдов читајќи го овој ребаланс во разделот 59, каде станува збор за Младинскиот совет. Овде сакам да ми се појасни, затоа што, ако го читате текстот, ќе видите дека станува збор за зголемување на оваа позиција за рамно 126% кога се во прашаше трошоците за надоместок на лични доходи дали е ова така или не, јас оставам да го објасни министерството затоа што сметката е јасна. Меѓутоа, дали размислувањето е такво откако ќе се добие одговор, ќе видам дали сум во право или не.

Меѓутоа, едно се кажува дека личните доходи на контото 400 се планирани за цела година 684 иљади динари. До 20.X. оваа година потрошени се 1.044.442 динари. За да се заокружи дека треба за уште некаде уште 60 па 70 дена за оваа сума да се потроши разлика за уште 800 иљади динари. Оваа сума 800 иљади динари значи, кога би се споредила само за овие 70 дена на односот 362, практично значи зголемување со 3000% ако се дели со деновите. Јас реков дека грешам. Јас не велам дека сум многу цврст, не, меѓутоа ова ми дава за право, бројките кога ќе ги споредиме.

Сакам и друго да спомнам, дали воопшто, реков ребалансот треба да биде приказ на кои позиции и што треба да се плаќа дали ќе треба овој Младински совет да го плаќаме од проста причина што во Куманово "Движењето на Југославија", нејзиниот прв човек се плаќаше преку оваа организација. тоа е Иван Стоиљковиќ и примаше некаде околу 12 иљади динари месечно токму од ова и значи дека планираното до цела година било 684 иљади динари до 20.X. е потрошено 1.044.442 динари. Дали некој води сметка воопшто како и од која партија се овие пари симнувани,а како можело парите да се трошат кога не биле ниту планирани. И сега сака Владата да

не доведе во една безизлезна положба да одобриме позиција што некој неконтролирано трошел, сега ние за тоа да го наградиме, А за што? Да го финансираме " Движењето за Југославија".

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали се согласувате да му дадеме збор на министерот Тошевски? (се согласуваме)

Има збор министерот за финансии, господинот Тошевски .
МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Последниве неколку години со луѓето што се среќавам отприлика прашањето е како, дали државата ќе има пари. Одговорот се разбира го базирам на една стара народна поговорка - Додека постои народ и работа, треба да постои држава, а ако има држава пари ќе се најдат.

Овде добивме многу прашања на дел од тие прашања одговоривме во расправата на Комисијата. Се разбира на оние што се повторија тука. Јас се извинувам на пратениците што ќе го слушаат по втор или трет пат одговорот на оние прашања. Впрочем. за тоа се расправите во комисиите, да ги објасниме сите нејасни, сите спорни и сите недоречени работи.

Од Владата ценевме дека по однос на ребалансот, со оглед на тоа дека наназад три месеци даваме експозе околу претпоставките и очекувањата до крајот на годината, немаше потреба на седницава да се поднесува експозе. Очигледно бевме на тоа упатени поради тоа што за десетина дена Владата ќе го утврди Нацртот на буџетот за 1992 година и тогаш ќе се обидеме да дадеме пошироко објаснување на претпоставките, на елементите, на структурата, на изворите, на документите што ќе го следат буџетот од аспект на законската регулатива за да ги обезбедат тие претпоставки како и за намените

што, во таа нова 1992 година, ќе бидат значително поразлични од оние што ги имавме до сега со оглед на низа преземени нови функции во Републиката, со оглед на тоа што се проширува структурата на намените на буџетските расходи итн.

Затоа, за да можам да одговорам на конкретните прашања што се поставени овде, неопходно е сепак да дадам неколку општи забелешки околу претпоставките, условите, критериумите, начинот и постапката.

Буџетот е донесен во средината на јули, со значително задоцнување, предизвикано од општите односи во Федерацијата околу дефинирање на законската регулатива во сите области, не само во областа на потрошувачката. Оттаму, финансирањето до 30.VI. се извршуваше во еден неконзистентен систем на различни системи на финансирање во општествените дејности и во управата, кај фондовите и кај претпријатијата. Неопходноста да се интегрира потрошувачката од општествените дејности и управата произлезе од тешкотиите што во последните неколку години се создаваат, особено кај образованието, културата, социјалната заштита.

Во текстот во предлогот на буџетот за 1991 година, и во актите што го следеа тој буџет таа интеграција на финансирањето се обезбеди. Останаа надвор само СИЗ-от за инвалидско-пензиско и СИЗ-от за здравствено осигурување како посебна форма на финансирање на тие две области и СИЗ-овите од производната сфера .

Вие знаете дека овде пратеникот Томе Стојановски спомна дек Ребалансот, како тој се изјасни, претставува исправка на трошоците. За жал. Ребалансот не претставува само исправка на трошоците. Ребалансот претставува преоценка, ново дефинирање на целата структура на изворната и расходната страна на буџетот, усогласување на дебалансите, спроведување во ребалансот акти на

Владата и Собранието што се сврзани со некоја од намените што се финансира од Буџетот, редуцирање на буџетските трошоци во согласност со, исто така преземени акти или утврдени други документи.

Според тоа, во ситуација кога имаме едно значително нестабилно стопанско и општествено живеење, Ребалансот на буџетот дури е и среќа што е прв во овој тек на годината. Ние очекуваме и најавуваме како Влада дека до крајот на годината ќе има најмалку уште еден ребаланс. Веројатно со далеку помали димензии и како намени и како цифри, но, тој ќе следи, затоа што во натамошното коментирање на прашањето ќе се дојде до сознание зошто тоа мора да биде.

Во ребалансот претпоставивме една задача, тоа што неможеше да се направи кога го утврдувавме буџетот, а тоа е одделни позиции од разделот 65 и 66 да се пренесат кај надлежните министерства како расходи кои влегуваат во дејноста на одделните министерства за да може да се согледа и целината на средствата што во расходната страна на буџетот се определуваат за одделна дејност.

Тука, се разбира, се уште не сме до крај консеквентни, бидејќи некој од расходите, зависно со кои прописи се воведени , се уште се наоѓаат на некои од општите позиции или кај други ненадлежни министерства. Ќе настојуваме во буџетот за 1992 година и таа неконсеквентност, во мерка во која може да се направи да ја исчистиме.

Овде беше поставено прашањето веројатно кога ќе одговорам на конкретните прашања на пратеникот Станковски стои дали Републиката има два буџета. Напротив, Републиката има три Буџета што се гледаат и многу што не се гледаат. Јас ќе кажам неколку зборови за трите што се гледаат и што ги знаеме сите.

Едниот е овој за кој расправаме.

Вториот е пресметката на интервенциите во стопанството што се извршуваат по основ на запрените приходи на федерацијата и за кои, на комисиите неколку пати кажавме, Владата ќе поднесе посебен извештај на Собранието, бидејќи по таа пресметка средствата што се запираат од Федерацијата по основ на основниот данок на промет и царините се употребуваат, по заклучок на Владата, врз основа на прописите на Федерацијата од 1990 година и во 1991 и за тоа сме расправале овде повеќе пати, јас не би се задржувал повеќе , бидејќи за тоа прашање ќе расправаме и тогаш ќе дадеме подетална елаборација. Се работи за интервенции од регреси до курсни разлики, до нето пад на штедни влогови итн. Тоа е посебна тема.

Вториот е овде, за што пратеникот Станковски се интересираше посебно. Таа точка беше на дневен ред на оваа седница во почетните точки околу Извештајот за користење на средствата од надоместокот од цената на нафтените деривати, енергијата, електричната енергија и ПТТ трошоците, за која вие имате информација, имате заклучоци по таа информација. За тоа не би се задржал од аспект на презентирање на содржината на тој, условно "Буџет". Тука само да информирам толку дека ставот на Владата е дека и таа позиција, независно колку е голема, независно за кои намени се употребува, а се употребува за создавање на стокови резерви потреби на Републиката и стопанството во Републиката ќе биде вклучена за 1992 година во буџетот, како што во буџетот ќе бидат вклучени и некои други потсметки што се водат кај надлежни министерства кои, во текот на 1990 година не се успеа да се обединат.

За Ребалансот е битно да се одговори на едно прашање што беше содржина во прашањето на пратеникот Гошев. Се однесува за регулирање •на општата и заедничката потрошувачка. Не е спорно дека поимот јавна потрошувачка опфаќа повеќе од она што е содржина на буџетот и ние во тоа не се впуштаме, ниту во третманот, ниту во регулирањето. Ние разговараме за јавната потрошувачка и за класичната буџетска управна потрошувачка што е содржина на овој буџет во рамки на она што со сегашните прописи е регулирано. Значи, покрај класичната управа, интервенциите во стопанството и општес-твените дејности во трите сфери: образование, култура и социјална заштита.

На Ребалансот одредено влијание имаат, тоа се посебни позиции назначени во него и некои нови функции и нови намени што се јавија во меѓувреме од утврдување на буџетот до сега, а се однесуваат на одредени функции преземени од федерацијата за извршу-вање во Републиката, одредени намени сврзани со последиците од кризните состојби на подрачјата каде се изведуваат воени операции, одредени функции од засилената дипломатска и друга активност сврзани со презентираше на македонската државност и интересите на Македонија во светот, одредени функции сврзани со работни заклу-чоци на Собранието во врска со финансирање на општините, како и одредени функции што произлегуваат од разликите помеѓу официјалниот и курсот на девизите на слободниот пазар, а за кои државата односно Републиката има потреба.

По тој основ, во буџетот се внесени и трансферните при-ходи од вишокот на приходите на Народната банка на Македонија ...

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (Продолжение)

....по одлука на Владата за почетно формирање на девизни резерви, не во онаа класична смисла за девизни резерви за кое Собранието ќе има прилика во даден момент да расправа и да одлучува, туку за девизни резерви кои минималните и објективни потреби што ги има Републиката за обавување на своите функции во недостиг на интервенции на девизниот пазар и на неможност на банките тие да ги исполнуваат, се прават со откуп на ефективни странски пари од граѓаните врз база на посебна одлука.

Околу трансформацијата на финансирањето нешто спомнавме во претходната точка, меѓутоа овде мора да се објасни уште следното. Ние таква технологија на усогласување, на одлучување, на водење на политика и на демократија утврдивме. Не одиме на комплексно формирање на решенијата од изворната до применливата база туку, одиме по фази. Меѓу фазите настанува еден расчекор кој тешко да се совлада и поради тоа се јавуваат проблеми. Така, ако го усогласивме стопанскиот систем на едни нови основи, а ги оставивме надвор од тие нови основи даночниот систем, кредитно-монетарниот систем, системот на цените, тогаш имаме еден расчекор кој сега тешко е да се трансформира низ еден документ кој ја одразува финалната општа потрошувачка. Затоа, во фаза кога разговараме за трансформација на некои од економските потсистеми, мора да одиме во целината од законодавната до применливата фаза за да можеме да ги одбегнуваме во мера во која што ќе успееме да ги усогласиме во подготовката таквите решенија за трансформација од сите аспекти.

Нешто околу дефицитот, односно продолжената буџетска година. Прво дека и во 1991 година имавме користење на буџетските средства по принципот на продолжена буџетска година во јануари за

обврските што беа пренесени од 1990 година по однос на придонесот кон Буџетот на Федерацијата. Слична таква ситуација имавме и во

1990 година во однос на- 1989 година. Така, принципот на продолжена буџетска година не е прв пат применуван, не се применува прв пат, што значи кругот на она што од буџетските приходи за 1992 година ќе биде употребен за расходите во 1991 година на одредена начин

се компензира, се разбира не во потполн износ,затоа што тука односот на цените влијае, се компензира со износот на приходите во

1991 година се искористени, а се однесуваат на обврски од 1990 година. Тој круг со една разлика која се движи меѓу 20 и 30% од тој ефект, веројатно се додека не се урамнотежи буџетот ќе се применува,
се разбира, по одлука на Собранието. Тоа Владата го предлага дека Собранието може тоа да го процени и да го дефинира и да го насочи поинаку. Владата во оваа прилика и за ова прашање имаше три можни опции.

Првата беше соодветно да ги сообрази стапките на зафаќањата за да обезбеди дополнителни приходи. Со оглед на општите заклучоци на Собранието и на политиката што ја води Владата, да не се оптоваруваат зголемувањата во 1991 година таа се одлучи тој принцип да не го примени.

Втората опција беше да се оди на дефицитарно финансирање на расходите на Буџетот со задолжување кај одредени субјекти кои тоа можат да го направат за износот на дефицитот и да се издадат обврзници. Со оглед дека се работи повторно за период од еден месец односно еден ипол месец, Владата исто така и таа опција ја остави настрана, имајќи ги и двете како можност евентуално при дефинирањето на Буџетот за 1992 година да ги изнесе на Собра-

зголемување на стапките, да ја продолжи буџетската година и на тој начин да го совлада овој дефицит. Сметаме дека со тоа нема да биде нарушена буџетската 1992 година, бидејќи во билансот за 1992 година ние на одреден начин, делот кој што се однесува на приходите употребени за 1991 година, посебно селективно ќе го прикажеме за да има увид во влијанието на тој податок.

Состојбата во образованието и културата, а тука е и социјалната заштита беше и како глобално прашање поставено и како поединечно. Само да потсетам, во почетните месеци на годината, сите се сеќавате тогаш се формира и новиот состав на Собранието и^ такви проблеми имаше Републиката во областа на образованието и културата, посебно во основното образование. Кога Владата се определи, а Собранието со акти тоа го акцептира, да се обезбеди заедничко финансирање на тие дејности преку Буџетот, во расходната страна на Буџетот се најдоа неизвршени обврски на образованието кај средното насочено образование и основно образование некаде до тримесечен износ на расходи по основ на личен доход. Кај некои општини тоа беа 2, кај некои 1, грото три месеци. Тој напор Буџетот на Републиката мораше да го совлада во месеците август, септември и октомври. За среќа тоа се совлада со многу голема рестрикција кај трошоците што беа предвидени по другите основи, за тоа дојде и со право овде се укажува до намалување на трошоците на материјални расходи, не само кај правосудните органи, туку и кај државните органи, а и кај општествените дејности. Значи не само кај правосудните органи. Затоа, поради тоа заправо и во делот на материјални трошоци во ребалансот не се поместени правосудните органи кај кои се уште има неизвршени позиции по основ на материјални расходи и откако тие ќе се извршат ако се јави проблем на недостиг за овие основни позиции на материјалните трошоци на начин како тоа Владата и досега го санкционира во рамките на

своите овластувања ќе го прави и натаму. Дали обезбедуваме стабилни основи за реализација на приходите што се планирани овде. Проценага на Владата е следната. Доколку овие најавени рестриктивни мерки на Европската економска заедница за кои веќе имаме некои сознанија дека се повлечени, но новите мерки на САД можат да бидат актуелни и ако не успеат да се совладаат негативните ефекти од намалената стопанска активност може да дојде до потфрлање на наплатата на приходите до крајот на годината. Затоа што имаме еден месец или месец ипол на кој се однесува ваквата ситуација. Меѓутоа, Владата цени дека ако се одржи стопанската активност на ниво на кое се наоѓаше во октомври за што сите мерки што ги презема создаваат такви услови без овие два екстрема да се одржи, а во таков случај има можности проектираните приходи на Буџетот на Републиката да се реализираат. Меѓутоа, обрнувам внимание на една финеса. При значително намалена основица, при задржување на општото ниво на зафаќања, ние треба да обезбедиме зголемен износ на расходи и на приходи. Сепак,тоа е напор и во преструктуирање на потрошувачката на Буџетот.

Пратеникот мислам дека беше господинот Станковски или не знам кој беше не се сеќавам, постави прашање дали ја знаеме структурата во стопанството и дали таа може да го поднесе овој товар. Се разбира, би било неодговорно од страна на Владата ако сето тоа што го предлага го прави без такви сознанија, не само што ја знае и ја зема за основа структурата на оптоварувањето, структурата на акумулативноста, структурата на внатрешната и надворешната побарувачка и слично, Владата ги анализира и односите во вкупното оптоварување на работењето на претпријатијата.

Пратеникот Шабан Превала даде мал коментар на ова прашање. Ние ги немаме присутни овде на седницата податоците кои би можеле да бидат презентирани сега, но во образложенијата на буџетот од 1992 година, ќе ги дадеме во кои работата стои вака. Вкупното оптоварување со сите методолошки и други неусогласености што ги имаат земјите на европската заедница и вкупното оптоварување што го има стопанството на Македонија е во една обртна ситуација. Вкупниот обем на оптоварување на стопанството во Македонија е како општа стапка పониско, отколку што е оптоварувањето на европската заедница. Меѓутоа, ние гледаме само сегменти, а не ја гледаме целината на оптоварувањето. Затоа излегува дека е така. На пример, вкупното оптоварување во Македонија некаде е на 32%, во европската заедница според тие податоци што ги користевме во таа анализа меѓу 28 и 70 или во просек 45 до 50. Или конкретно за последната пресметка за 1991 година односот меѓу зафаќањата, се разбира сега кај стопанските организации не на вкупните зафаќања се 68 спрема 32. Според тоа, Владата води сметка за тие параметри и настојува во граници на можното и дозволеното да влијае со акти на својата политика во рамки на овластувањата што ги има Собранието врз тие состојби.

Постојат методолошки и технички проблеми. Тука пратеникот Гошев укажа со право дека прегледноста може да биде дадена на различен начин и ние сметавме дека на ваков начин како е дадена ќе обезбеди увид на пратениците не само во предлогот како законодавен текст, туку и на оној спореден преглед што е Буџетот што е Ребалансот, што е зголемувањето. Дозволуваме тука да има потреба уште за попрегледно и ние во Буџетот за 1992 година и сами тој момент го согледавме и во тој преглед ќе имаме сега некаде околу 5 податоци за анализа, значи не само предлозите и оценките

туку и барањата. Така може да се направи една оценка, да се оствари еден осет колку е тоа тешко да се синхронизира, да се задоволи и уште повеќе да се избалансира.

На крајот уште 2 напомени во овој општ дел. Еден од пратениците овде спомна дека здружениот труд реагира на состојбите во управата, на личните доходи, на материјалните трошоци итн. Тешко во таа позиција во едни вакви нестабилни прилики поединечно да се одговори и да се задоволи секоја реакција. Меѓутоа, овде многу може да ни помогне активноста на претставниците во тие средини во објаснување на политиката што ја утврдува Собранието и која Владата е должна да ја спроведува на следниот начин. Ова е молба, не е задача, да не бидам погрешно разбран. Бидејќи во сите средини за сите овие прашања интензивно се дискутира, интензивно се исфрлаат потреби и барања, забелешки и критики, има потреба да се објаснат работите така како Собранието и Владата ги дефинираат и така како што во животот во дадените околности неопходно е да се спроведат. Зошто? Ниту сме имале, ниту некогаш ќе имаме ситуација во сите сфери и на сите пунктови да бидат изедначени условите,задоволени барањата или елиминирани тешкотиите. Меѓутоа, ако Собранието утврди даночна политика, Собранието утврди елементи за кредитно-монетарната политика, Владата утврди соодветни акти на таа политика и таа почне да се реализира, јасно е дека некои ќе останат над просечните решенија и за нив тие решенија ќе бидат поволни, а некои ќе паднат под просечните решенија и за нив решенијата нема да одговараат. Нема инструментариум, нема Влада нема Собрание кои на сите поединечни субјекти може да им предложи задоволително решение. Ние разговараме за едно општо задоволително позитивно решение кое на збирот на субјектите, на големината на некој систем, ќе обезбеди нормално работење. Дали по тоа дека во

таквите решенија можат сите да се најдат на исти степен на остварување на потребите.

Последното, во врска со актите за 1992 година беше и во расправата минатиот пат по анализите Информацијата за земјоделието и за извршување на пресметките за шесте месеци истакнато за Буџетот за 1992 година спомнав, Програмата за работа односно на мерки за политиката на ист начин Владата ја подготвува и таа во динамика како ќе биде сугерирано во програмата за работа на Собранието, ќе биде доставено.

Дозволете ми сега да одговорам на некои од конкретните прашања. Прашањата за одбраната, за Министерството за внатрешни работи и за правосудството ги поставија неколку пратеници. Се сеќавате во Предлогот на Буџетот средствата за народна одбрана беа преполовени. Тогаш толкувавме политика дека расходи за народната одбрана нема потреба да се прават, народната одбрана за Републиката ја обезбедува ЈНА и според тоа во тие рамки што има потреба да се прави,ќе се прави.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ: (Продолжение)

Што во меѓувреме се случи, јас не сакам да зборувам, тука е зборувано повеќепати сето тоа наложи сепак и во таа област да се јават дополнителни потреби , односно да се вратиме на потребите и на функциите што Министерството за народно одбрана пред таквото заклучување. Иста ситуација и кај и Министерството за внатрешни работи. Во меѓувреме, безбедносната и другите аспекти на активности што ги има Министерството за внатрешни работи, значително се прошириjа. Јас ниту сум оспособен, ниту сум надлежен да зборувам за детали од таа активност. Јас упатувам само на глобалните елементи кои предизвикаа, расходната страна кај тие министерства да се зголеми. Основните позиции таму се доопремувањето и посебната опрема за извршителите во Министерството за внатрешни работи. Делот на личните доходи не е присутен, бидејќи претходно, во фаза на утврдување на буџетот се направи корекција на стапката кај Министерството за внатрешни работи, во зголемување на стапката за личните доходи со 1% кој е во рамки на овластувањата што ги дава законот за внатрешни работи.

Прашањето за внатрешната потрошувачка на Министерството за внатрешни работи, ако се доведува во прашање, за тоа постојат соод-ветни форми на контрола и тоа Собранието може да го оствари. Владата со одговорност потврдува дека овие износи што се предложени овде се минималните неопходни средства кои можат и што треба да се обезбедат за службата во овој момент. Ке расправаме за буџетот за 1992 година, ќе видите дека ситуацијата е уште подрастична но затоа тогаш.

Кај Министерството за правосудство не се работи за позиција која ги покрива сите правосудни органи, се работи за позиција која ги покрива само функциите на Министерството за правосудство. Таму се јавува една зголемена бројка кај програмата за опремување, на комисиите одговоривме, постои закон во кој дел од судските такси се насочуваат за опремување на правосудните органи. Таа програма е на Собранието, Министерството за правосудство и Владата ја реализира. Ако се оцени дека треба да дојде до промена кај таа програма односно кај таа намена, можеме да отвориме постапка, можеме тоа да го регистрираме како задача и Владата соодветен предлог да даде. Образованието, здравството, трудот и социјална политика , се јавуваат различни позиции по однос на индексот на порастот од следните причини. Кога ги приклучувавме образованието социјалната заштита и културата во буџетот, јас и тогаш од оваа говорница направив забелешка, ги немавме сите детални информации и прегледи за висината на исплатените лични доходи, висината на исплатените надоместоци, висината на извршените расходи. Во меѓувреме во тие неколку позиции се обезбедија деталните податоци што се однесуваат на конкретните субјекти, училиштата, факултетите, градинките, итн. и е направена оваа проценка што е направена. Не значи дека таа е и задната. Во текот на реализацијата на трошоците некои школи се греат со парно греење, некои со нафта, некои со дрва, некои јаглен, различна динамика на трошење имаат итн. може да се јави разлика во проценката. Затоа надлежните министерства оперативното извршување на тие расходи водат сметка за начинот, за динамиката за извршување на потребите. Пратеникот Ванчо Младенов меѓу другите прашања констатира дека извршувањето на буџетот нема информација, дека буџетот претставува основен генератор на инфлацијата и соодветни влијанија врз малото

стопанство, ќе има се разбира и во врска со макроекономската политика за 1992 година за која одговара. Буџетот генератор на инфлацијата не е спорно, меѓутоа, не е основен. Ако Буџетот има урамнотежен биланс иако изворите се од реална природа, не кредитна, тогаш влијанието на инфлацијата е само последично, не иницијално, затоа ние имавме во претходните години закони за ограничување на општата и заедничката потрошувачка а и билансот за оваа година правен е на таква претпоставка. Самото одржување на оптоварувањето во рамките кои важеа на крајот на 1990 година и за првото тромесечје од 1991 пред поставува дека Буџетот не може да биде иницијален фактор за инфлација во Макеоднија. Тој ќе има последична инфлација, затоа што обратно другите параметри и изворишта на инфлацијата, делуваат и буџетот да расте. Растејќи ќе прави притисок на побарувачката врз една намалено значителна понуда и нормално е дека ќе има и такви инфлаторни ефекти. Затоа можеме да разговараме за буџетот како инструмент на влијание врз инфлаторната политика, меѓутоа во една недефинирана и незаокружена економска политика во Републиката во еден незаокружен систем економски параметри во Републиката, тоа може да биде само желба, таквата политика не може да даде ефекти. Ние мораме да ги дефинираме врз база на уставот, нашиот економски систем, нашиот систем, односно нашата кредитно монетарна политика, нашиот фискален и даночен систем, другите потсистеми од цените до распределбата , за да можеме во компонирањето на елементите кој треба да претставуваат антиинфлаторни мерки да очекуваме ефекти. Инаку, само на еден сегмент на политиката, мислам дека е илузорно и да зборуваме, а не да очекуваме дека може да се постигне нешто.

За ефектот од продолжената буџетска година зборував, да не го повторувам за тие и растот дека се надвор од буџетската потрошувачка

Исто така, за прегледноста одговорив, средствата за основно образование не се доволни за задоволување на потребите, а и од пратеникот Рамадани дека во разделот 21 за функцијата основно образование не се предвидени пораст на личните доходи.

Ова укажување на пратеникот Гошев, јас малку го сфаќам како да е контрадикторно барање. Од една страна се вели дека расходите се големи, а од друга страна повторно се кандидира нов износ на потрошувачка. Меѓутоа, во конкретниот случај не е тоа. Затоа што во позицијата за основно образование во разделот 21 едно времено, одговарам и на пратеникот Рамадани, делот на личните доходи во функцијата, не е посебно третиран, а е земен предвид.

Во позицијата 187 - 450 може да се види дека износот за основното образование од 1,2 се зголемува на 1,7милијарди динари. Во таа бројка опфатен е и порастот на личните дооди и порастот на материјалните трошоци што ќе се јават до крајот на годината.

Кога сме кај личните доходи да одговорам едновремено на пратеникот од Крива Паланка Цветковски околу различниот личен доход. Во буџетот сите лични доходи, на сите корисници се утврдуваат врз единствени критериуми. Тие во основа ќе се разликуваат не само во Крива Паланка туку и во сите општини. Се разликуваат и во Скопје, затоа беше и онаа акција на организирање на штрајк на работниците од органите на управата поради тие работи. Не завлегувам во анатомијата на проблемот, го објаснувам само критериумот. Според тоа, ако Собранието на предлог на Владата утврди критериуми тоа што се земени во претпоставките, сега додека не се утврдат новите закони за лични доходи, односно за платите во органите на управата и на буџетските корисници и другите акти од сферата на регулирање на личните доходи што ги подготвува Владата, ние и натаму сметаме по принципот на уставно неквалификуван работник и утврдување на вредност на

база на просечните лични доходи во стопанството. Личниот доход во управата и кај сите корисници на Буџетот се усогласува месечно на ниво од 90% од порастот во стопанството. Според тоа вграден е стабилизационен дел на буџетот во делот на потрошувачката за лични доходи од 10 поени. Треба да се слушне и другата страна како реагира на тој закон. Според тоа разликата во личните доходи меѓу општината ќе постојат и не треба да претставуваат пречка за обавување во активноста ниту на општината, ниту на подрачните одделенија. Добро е да ги изедначиме односите низ другите критериуми што ќе имаме како додатни средства на општините врз база на критериуми што сега се важечки во законот. Да ги измениме тие ако не задоволуваат. Да ги направиме така што ќе ги елиминираат екстремите кои произлегуваат од објективни причини. Меѓутоа, не можеме ниту да прифатиме, ниту да обезбедиме еднаков третман на сите структури на јавната поторшувачка. Затоа и се разликува системот на финансирање. Тоа е обратно и во стопанството.

Беше поставено прашањето од пратеникот Гошев за позицијата за девизните резерви, јас одговорив, не би повторувал, освен ако нема потреба по длабоко. За она за кое што пратеникот Гошев спомна дека тие во однос на фактичките девизни резерви за една сопствена политика во областа на парите, тоа е сосема друг биланс и Владата по тоа прашаше ќе настапи во даден момент кога за тоа Собранието ќе оцени, има направено се што е потребно за да се дефинираат тие задачи на Владата и на Републиката, јас за тоа во овој момент не би зборувал. Оваа позиција не е тој биланс.

Пратеникот Станковски првото прашање го постави во врска со нафтата, струјата и ПТТ надоместоците, одговорив за тој дел,мислам дека во заклучокот е содржана таа работа да се согледа и пошироко

не се водеше расправа овде, заврши со комисиите, надлежното министерство преку Владата ќе даде соодветен извештај.

Во разделот 4 кај Владата зголемени се четири пати материјалните трошоци. Зголемени се затоа што и ќе бидат зголемени до крајот на годината затоа што презентирањето на државните интереси што ги врши Владата преку преговори, разговори и други контакти со меѓународната заедница предизвикува додатни трошоци, тие се присутни и ќе бидат уште поприсутни. Барем во догледно време додека не се воспостави еден нормален однос на тие контакти и начин на кој ќе се обавуваат.

Во врска со личните доходи кај Министерството за внатрешни работи одговорив, исто и со модернизацијата. Становите за вработените во Министерството за внатрешни работи, така како што стои по актите, се станови за работниците на Службата за внатрешни работи. Постојат внатрешни интерни акти со кои се утврдуваат критериумите за за задоволување на тие потреби и колку мене ми е познато, само за Министерството за внатрешни работи, не и за другите министерства.

Во министерството за финансии е позицијата од 264 милиони динари, техничка грешка е, таа е констатирано во извештајот на Комисијата за буџет и финансирање, фали една нула 264 милиони динари треба да биде се работи за дел од вишоците на приходите на Народната банка на Македонија кои се употребуваат по одлука на Владата за купување на ефективни странски средства на плаќање за формирање на девизните резерви за овие функции што ги објаснив.

Прашањето на берза на земјоделски производи, Владата на последната седница расправаше по проектот на Законот за таа берза соодветни обврски на Владата и Републиката по однос на неа ќе бидат утврдени откако Законот во собраниската процедура ќе биде, се разбира прифатен, одбиен или како ќе се оцени.

Средствата за образованието ги коментира за демилитаризацијата. Постои општествена акција во Македонија која има за задача во соработка со Владата да ги афирмира принципите на демилитаризација и македонската определеност за таква политика, Затоа во ребалансот оценивме до крајот на годината за трошоците што ќе се јавуваат во врска со тие активности да биде дефинираа таа позиција. Останува отворено да расправаме дали таа ќе биде прифатена или не.

Во врска со податокот за двојното зголемување на личните доходи до крајот на годината, ситуацијата е следната: Во ребалансот личните доходи се пресметани на ниво на личниот доход од октомври. Значи усогласувањето што се прави месечно во висина од 90% од порастот на стопанството е вграден во овој ребаланс до усогласувањето во октомври, не се опфатени ноември и декември и поради тоа очекуваме дека до крајот на годината само по тој основ ќе мора да дојде до нов ребаланс.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:(продолжение)

За усогласувањето се многу битни движењата што се остваруваат во стопанството. Очекуваме дека до крајот на декември можат да бидат извршени уште две усогласувања кои се движат меѓу 8 и 11 отсто месечно. Под овие претпоставки што се направени. Ако опадне стопанската активност и ако во стопанството не дојде до натамошен пораст на личните доходи, ќе изостанат и тие усогласувања.

Пратеникот Стаменов постави две прашања за кои за едното има одговор и тоа е дека покривањето на курсните разлики, ако се мислеше на странските кредити со кои е задолжена Републиката, или ако се мислеше по странските кредити за кои е задолжено стопанството, или ако се мислеше за акредитивите, акредитивите од Одлуката се изземени. Одлуката важи од денот на донесувањето. Значи, првото прашање ако се мисли на отворените акредитиви за тоа Владата водеше сметка и во Одлуката е дефинирано дека важи за сите плаќања, приливи, отворања итн., што ќе се направат по донесувањето на одлуката.

За второто прашање не е директно врзано со Буџетот, а ставот на Владата е следниот. Прашањето на девизните штедни влогови на граѓаните се тесно сврзани со регулирањето на обврските на Федерацијата спрема граѓаните. Се додека не се расчисти прашањето на обврските на Федерацијата спрема граѓаните по основ на штедните влогови Републиката не може да влегува во никакви обврски по тој основ. Друго е прашањето , ако стимулира, или ако откупува од граѓаните ефективни странски средства за плаќање по основ на нови продажби. Тоа си е сосема друга работа. Така што тогаш кога прашањата на гаранциите на Федерацијата по основ на девизните

штедни влогови се стават на дневен ред и се отвори расправа по нив, и се договори што ќе се договори, тогаш Републиката ќе излезе со свој видувања на решавањето на проблемот на штедачите во Република Македонија.

Физичката култура не е посебно назначена тука, меѓутоа, е подразбирана во билансот на образованието. Во програмата што Министерството за образование ќе ја направи за употреба на средствата ќе биде дефинирана и обврската спрема физичката култура.

Другите прашања што ги постави пратеникот Душко околу 92 одговорив, продолжената година одговорив, трошоците на општините одговорив, и може да дополниме само околу позицијата во Буџетот за општините, кога расправавме околу утврдувањето на законот за изворните приходи и тргнавме дека процените што се правени заеднички во службите на општините и во Министерството за финансии, односно предлогот на Владата се оцени дека само кај две општини имавме различни оценки и тие ги усогласивме во комисиската расправа , меѓутоа и покрај тоа општа проценка и иницијатива на заедницата на општините, дури и работен заклучок, Владата да ја следи програмата на остварување на општините и по потреба ако се јават проблеми да предложи соодветно решение. Имаме ситуација во некои општини уште недефинирани расходи од претходната структура на расходите на општините особено во Битола, Виница, Струга има некој намени кои по старата структура на расходите на општинските буџети и натаму остануваат во општините. Републиката ги презеде оние функции кои се однесуваат на управата, на управните надлежности, не и другата структура што е потреба на самата општина. Сметајќи дека до крајот на годината може да дојде до тешкотии во некои од општините по овој основ в6 реба'ланс6ѓ'на Буџетот е

таква позиција и таа ќе се реализира во оној обем во кој такви ситуации ќе се наметнат. Ако до тоа не дојде со крајниот, последниот ребаланс ќе се елиминира.

Прашањето на пратеникот Томе Стојановски, на исти начин како што се билансираат потребите на другите корисници на Буџетот се билансирани и потребите на младинскиот совет. Во нашите определувањата што да се финансира на младинскиот совет, објективноста на младинскиот совет ориентација ни е нивната програма за работа. Владата ги цени активностите што младинскиот совет во ангажирањето на вкупната младинска популација која ја покрива со својата активност да ги задоволи барањата за едно младинско организирано живеење во форми какви што младинскиот совет може да обезбеди. Дали има и какви други девијантни однесувања на одделни членови на младинскиот совет ние ниту сме во тек, ниту можеме да бидеме, тоа си е одговорност на субјектите кои такви однесувања имаат. За тоа постојат надлежни инспекциски служби во мера во која ќе бидат утврдени отстапувања ќе се носат консеквенции.

На крајот Ви благодарам за вниманието што ме сослушавте и навистина се извинувам за долгото објаснување, меѓутоа, мноштво беа на прашања и колку да се обидував да редуцирам не беше возможно.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор?

РИСТО СТАНКОВСКИ:

Ме интересира кои се носителите на активностите за демилитаризација и врз база на која одлука на овој Парламент, бидејќи колку што мене ми е познато , политиката што ќе ја води оваа држава ја води овој Парламент.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Одговорот на прашањето е познат, но да го отворам. Такви иницијативи има Владата и има Друштвото на писателите.

Мислам дека нема потреба да објаснувам и со самото тоа што ние го ставаме прашањето на изјаснување на Собранието , Собранието ја води политиката. Инаку, однапред би ги дале тие средства и би ја воделе таа активност и тогаш овој приговор што се става би имал место потполно. Меѓутоа, сега ние можеме да расправаме дали да остане позицијата или не. Но, кој ја води политиката мислам очигледно е Собранието.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, дали уште некој бара збор, во расправата по начело?(никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело, и отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување на Републичкиот буџет за 1991 година.

Комисијата за финансирање и буџет, поднесе амандмани на насловот, на член 2 во оддел 2 - расходи во групата 40.

Во групата 42 на член 3 страница 12 во раздел 21 и за внесување на нов член 4, а Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1,2,3, точка 67 и 181 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие стануваат составен дел на текстот на предлогот.

Молам, кој бара збор во врска со претресот на Текстот на Предлогот?

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:

Почитувани пратеници,

Малку ми се чини дека ја избркавме работата и може да биде се она што сега ќе го дискутираме и депласирано со оглед на тоа што не расчленивме што е тоа начелна расправа, а што е материјална расправа по текстот. Тоа е сега до таа мера испобркано да конкретна дискусија, материјална по текстот може да изгледа и депласирана. Јас ќе се задржам конкретно на проблематиката што ја покрива Комисијата за образование, наука и култура и тоа само со еден нејзин сегмент независно од тоа што сите тие што ги претставуваме може и да ни замерат заради тоа што Комисијата практично претставува 90 посто од се она што значи општествени дејности со исклучок на здравството. Ако се има предвид и социјалата, ако се има предвид дека покрива образование, наука и култура. Од сите тие три сегменти ќе се задржам само на образованието и тоа од севкупниот систем на образование ќе се задржам само на претшколското и основното образование.

Имено, може да видите од образложението, на страница 7, а исто така и од ставките предвидени во раздел 21 дека со Буџетот и со овој ребаланс за период јули-декември 1991 година, вкупните потребни средства за основното образование се билансираат на 1 милијарда 244 милиони динари. Со оглед на тоа што во оваа маса се влезени и средства од околу 40 милиони динари кои што беа на 1.06.1991 година исплатени за покривање на личните доходи од декември и јануари 1991 година испаѓа дека чисти средства предвидени со Буџетот и ребалансот негов за период јули-декември се 1 милијарда и 200 милиони динари. Меѓутоа, ресорниот орган правејќи анализа во

времето кога се предлагаше ребалансот на буџетот, доаѓа до сознание дека надвор од овие средства недостигаат 760 милиони динари за севкупната дејност, при што е укажано дека за периодот јануари-март 1991 година ресорното министерство има непокриени средства во износ од 110 милиони динари со напомена дека за 1990 година недостасуваат сега на министерството, а порано од СИЗ-овите што го покриваа финансирањето околу 290 милиони динари. Севкупно испаѓа дека надвор од овие предвидени средства што ги сведов на една милијарда и 200 милиони динари, недостасуваат околу 1 милијарда и 160 милиони динари. Јас сум убеден дека Министерството за финансии со другите ресорни министерства, сигурно ќе најдат решение за средствата од 110 милиони за периодот јануари-март 1991 година и за непокриените средства од 1990 година 290 милиони. Значи, убеден сум дека ќе најдат покритие за некои 400 милиони динари од каде што испаѓа дека непокриените средства изнесуваат почетните 760 милиони динари.

Ако погледаме на страница 7 во образложението ќе видиме дека севкупниот додаток на ребалансот на средствата за општествените дејности изнесува 625 милиони динари од кои што за основното образование се само 420 милиони. Ако од оваа анализа произлегува дека му недостасуваат на основното образование за период јули-декември 1991 година 760 милиони динари и ако додатокот изнесува 420 милиони динари, јасно е дека непокриените средства по потребни за период јули-декември се 760 милиони динари минус додатните 420 околу 340 милиони динари. Сакам да ве вратам на она што е запишано на страница 7 каде што е кажано дека се она што се прави со ребалансот има цел да се остварат основните функции на поедините дејности.

Овие 340 милиони динари , за кои што зборував, за кои што се гледа дека недостасуваат и со ребалансот се однесуваат на се она што значи основно образование односно основна функција на образованието, заради тоа што средствата предвидени од 1 милијарда и 200 милиони динари спрема анализата на ресорниот орган се доволни за по9кривање на лични доходи и за отприлика 6 отсто преостануваат за материјалните трошоци со напомена дека тие средства се доволни да покријат лични доходи на ниво на УНР , па од 4650 динари, колку што беше УНР во основното образование во септември 1991 година.

Сакам да напомнам дека е сосема јасно да мора да се обезбедат средства за лични доходи, меѓутоа, функцијата на образованието ја прават неколку негови клучни елементи. Овие 340 милиони динари, за кои што покажува анализата дека недостасуваат, всушност директно влијаат да не се дооствари функцијата на образованието, што ние не смееме да дозволиме да се случи.

Имено, не беа обезбедени средства во висина од околу 185 милиони динари за огрев, за кои што министерот овде зборуваше, меѓутоа, во меѓу периодот додека е подготвуван ребалансот за првите 3 месеци, средства за огрев во висина од 110 милиони динари се обезбедени од каде што произлегува дека 70 до 80 милиони динари не се обезбедени средства за огрев за вторите три месеци. Не се обезбедени средства за тековно инвестициono одржување, не се обезбедени средства за општествена исхрана на учениците и за наставниците Не се обезбедени средства за наставата во странство, не се обезбедени средства за издавачката дејност. Конечно не се обезбедени средства за превоз на учениците и наставниците при што сакам да напомнам следното.

Ние создадовме посебни проблеми со укинувањето на СИЗ-овите заради една неусогласеност која што постои во однос на регулирањето на обврските на државата во поглед на обезбедување на средства за превоз на учениците и наставниците во основното образование со истата регулатива за ученици и наставници во средното образование. Во членот 96 од Законот за предучилишното и основното образование е кажано дека се обезбедуваат средства за учениците и наставниците во основното образование ако живеат во населби оддалечени од училиштето кое што го посетуваат подалеку од 5 километри. А во средното образование е регулирано дека се обезбедуваат средства за истата намена за населби оддалечени повеќе од 2 километри. Општинските СИЗ-ови од кои што беше финансирањето на основното образование ги обезбедуваа средствата и на оние ученици кои што се оддалечени 2 километри, заради тоа што се покажа дека во просек во Македонија, посебно во краевите кои што ги опустоши миграцијата на 15 населби моментално имаме централни училишта во просек во три населби само. Според тоа, 12-тина населби имаат потреба најмалку за учениците од 5 до 8 одделение за превоз кои што се наоѓаат на поголемо растојание од 5 километри. Овие средства по укинувањето на СИЗ-овите по префрлувањето на финансирањето во ресорниот орган се наполно необезбедени повеќе' од 4 месеци и се јави огромен проблем тогаш кога дискутиравме дека треба да го вратиме животот на село, дека треба да го обезбедиме исти стандарди итн. Затоа ве молам и предлагачот и парламентот да имаат разбирање за се ова што го покажува анализата , заради тоа што може да погледаме низ прсти во овој тежок период, дека не се обезбедени средства за тековно и инвестиционо одржување, меѓутоа издавачката,

дејност, средствата за општествена исхрана, средствата за превоз на ученици и наставници и оние средства кои што се потребни за дообезбедување на огревот на оние кои што се греат на јаглен и дрва, а не на оние кои што се поврзани со централно грееше и тоа им е крајно обезбедено, изнесуваат вкупно некаде околу 200 милиони динари. Без тие средства нема да биде обезбедена функцијата на основното образование.

Завршувам со следното. Зошто инсистирам на оваа промена. Заради тоа што знаете дека основното образование, со Уставот е и загарантирано и задолжително. Имено, државата е до таа мера силна да ако родителите не им обезбедат посетување на основното образование на учениците, подлежат на казни и на затвор. Кој ќе ја затвори државата, ако таа не ги обезбеди условите на учениците да го посетуваат задолжително со Устав образование. Оттука треба да направиме напори за основното образование да се обезбедат овие дополнителни средства без кои што неговата функција ќе биде неостварлива,

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Има збор пратеникот Љупчо Поповски.

ЉУПЧО ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Бидејќи претпоставувам дека со дискусијата сме пред крај и пред заклучувањето во врска со оваа точка од дневниот ред, би сакал да предложам нешто, до колку пратениците односно Собранието се согласи. Морам да кажам дека поттик за овој заклучок ми даде, меѓу другото, и излагањето на министерот во Владата за финансии господин Тошевски кој укажа дека Собранието има право и неговите работни тела, до колку подетално се интересираат да бидат информирани за одделни позиции, во одделни раздели, кои што се предвидени со Буџетот, односно сега ребалансот. Тоа беше еден поттик, па во таа смисла, бидејќи на одредени недоумици и прашања беа поставувани и при расправата на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, би сакал да го кажам следното:

Во расправата на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, беа иницирани повеќе прашања во врска со предвидените средства од ребалансот на Буџетот за 1991 година, а што се однесуваат на делот за Министерството за внатрешни работи. Меѓу другите, доминираше прашањето дали овие предвидени средства и нивното користење се усогласени со претходно дефинирана и јасна концепција за обемот, карактерот и целите на развојот и функциите на овој значаен државен орган, особено во време кога се уште отсуствува договорена и заокружена стратегија, одбранбена стратегија на Републиката по донесувањето на Уставот на Република

Раководејќи се од овие прашања, како и големиот интерес на јавноста, во последно време, меѓу другото и заради јавните изјави

на министерот за внатрешни работи каде што се даваат одредени елементи, податоци, кои зборуваат за веќе некаде заокружена или зацртана политика на овој орган, за развојот и функциите на овој орган, предлагам Собранието да го донесе следниот Заклучок:

"Собранието ја задолжува Владата во соработка со надлежното министерство да му достави информација на Собранието и надлежното собраниско тело за најновите мерки и активности што ги презема ова министерство на планот на конципирањето и законското регулирање на своите функции, организационото преструјување како и кадровското, техничкото и технолошкото екипирање и оспособување на овој орган". Може да се даде еден рок за доставување на оваа информација од еден месец.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Ако сакате Предлогот на заклучокот да го доставите во писмена форма, за да го приклучиме кон работните заклучоци.

Бараше збор господинот Димитар Поповски.

ДИМИТАР ПОПОВСКИ:

Јас поставив прашање, беше одговорено дека средствата за физичката култура можат да се најдат во овие цифри овде кои што се навистина големи бројки, меѓутоа, не ми е јасно како може да не бидат издвоени и да се види колку физичката култура во овој период потрошила за дејноста, колку бил планот, колку потрошила и колку се предвидува да се наголеми нешто. Бидејќи физичката култура, навистина, нема ништо со финансирањето на дејноста на насоченото образование и на основното образование нема никаква врска. Случајно е физичката култура заедно во ова министерство. Нивната дејност е сосема различна. Ова уште еднаш покажува дека

физичката култура особено нејзиниот најатрактивен дел, спортот, се на маргините на оваа наша држава. И морам да кажам едно свое видување дека би бил многу посреќен дека оваа Влада'. би финансирала 12 илјади спортисти што ќе ја афирмираат оваа држава отколку 12 илјади милиционери кои што не знам од што ќе не чуваат.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор?

Еве господинот министер во врска со образованието чувствува потреба да каже нешто или не.

МЕТОДИЈА ТОШЕБСКИ:

Предлогот што го дава господинот Ханџиски мислам дека не можеме да го гледаме издвоено од целата структура на Собранието. Не знам дали и јас да ја објаснувам анатомијата место 70 да бидат 110 и т.н. Мислам дека заостанати сметки за кои веќе имаме соодветен став на Владата во некое време не би требало да обновуваме, бидејќи се што беше функција на образованието во овие месеци откако го презеде образованието државата низ буџетот, е санкционирано исплатено, воспоставено. Мене не ми е познато дека има надоместоци кои не се исплатени. Се што образованието имало право и исплаќало пред да влезе во Буџетот, продолжено е да се исплаќа и после неговото внесување во Буџетот. Ако има такви прашања, тогаш да се упатат на Министерството за образование, а не во Собранието. Овој и затоа што кога се утврдуваше Буџетот се анализирани сите состојби во образованието и не се недостатни само 200-300 милиони динари или 400, недостигаат 3 милијарди динари. Барањата на субјектите некои што се корисници на средствата на Буџетот изнесуваат некаде преку 3,5 милијарди динари оние што _беа, доставени до подготвувањето на ребалансот. Тие што после тоа доставија минуваат

4,5 милијарди динари. Според тоа, секаде има недостиг на средства. Прашање е кој обем за објективно создавање на услови за функцијата мора во ова време да ги задоволиме. Ако такви има во образованието, ние го утврдивме и со нивно учество со Министерството за образование на седницата на Владата овој предлог. Не можеме да го прифатиме предлогот и предлагаме да не го прифати и Собранието.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали може да констатирам дека никој друг не бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам...

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Со оглед на тоа дека беа дадени низа забелешки и колку што можев да сфатам од целото образложение на министерот Тошевски, не беше прифатена ниту една од забелешките и сугестиите што беа изложени овде, па затоа предлагам да направиме една пауза од 10-15 минути, пред да гласаме за ребалансот на Буџетот. Тоа е предлог на нашата пратеничка група.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Немаме никаков основ да го одбиеме предлогот за пауза. Еве се јавува уште еднаш министерот Тошевски.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Владата нема против да се направи пауза. Меѓутоа, овде беа направени прашања и водена расправа. На прашањата беше даден

одговор ако по некој од говор не се задоволни пратениците кои ги поставија прашањата, ќе молам да кажат во што е тоа и ако има дополнителна потреба да објасниме. Амандмани нема. Амандман ако може така да се каже, ако може и така да го сфатам е овој последниот што го даде пратеникот Ханџиски. По него исто така дадовме образложение. Тоа беше како предлог за дополнување, а не оформен како амандман али може да има третман на прашање по кое се има одговор, дали се прифаќа или не. На комисиите на кои што учествувавме амандманите што беа покренати се прифатени или се предложени соодветни работни заклучоци. Не се противиме на паузата, а ако има потреба, и на кое прашање има потреба, кажете ќе дадеме одговор.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Објавувам пауза од 20 минути, со тоа да продолжиме во 13,10 часот.

Паузата се даде во 12,50 часот.

(По паузата продолжи работата во 13,40 часот).

Продолжуваме со работа.

Бидејќи Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз бараше пауза со предлог, има збор господинот Туше Гошев.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Во врска со поднесената ставка на страница 16-а позиција 559 конто 418 на две, пет милиони динари го предлагаме следниот Работен заклучок:

Во врска со ставка за спроведување на активностите за демилитаризација на Република Македонија од причини што Собранието на Република Македонија нема утврдено никаков нормативен акт, во

врска со спроведувањето на овие активности предлагаме - Владата да му достави на Собранието Програма за спроведување на овие активности за да може таа програма Собранието да ја усвои.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) За Предлогот гласаа 89 пратеници). Дали има некој против? (Нема). Дали некој се воздржува? (Никој).

Констатирам дека Собранието ги донесе измените на Републичкиот буџет за 1991 година.

По повод донесувањето, изменувањето и дополнувањето на Републичкиот буџет за 1991 година, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за економска политика и развој, предлагаат Собранието да го усвои следниот Работен заклучок:

1. Доколку во текот на работењето за потребите на Собранието на Република Македонија, материјалните трошоци од позиција 11 и 12 конто 401 бележат повисока динамика од предвидените со ребалансот со Буџетот за 1991 година, содржани во раздел 2 се задолжува Владата на Република Македонија овие потреби да ги разрешува во рамките на нејзините надлежности со користење на средствата од тековната резерва.

2. Собранието на Република Македонија и препорачува на Владата на Република Македонија при конципирањето на Републичкиот буџет-за-1992 година да води сметка за поцелосно опфаќање на

даночните обврзници, особено оние од приватниот сектор, чиј број перманентно се зголемува поради трансформацијата на општествениот капитал и со оглед на омасовувањето на малото стопанство.

3. Корисниците на буџетските средства да се однесуваат порационално во вршењето на истите за да не се примени автоматизмот.

4. Владата на Република Македонија да се задолжи при финансирањето на општините да се опфатат само дејностите од интерес за Републиката, а се друго што е од локален интерес да се покрие од изворните приходи на општините.

5. Владата на Република Македонија да преземе мерки Дирекцијата за стоковни резерви, Републичката геодетска управа, Републичкиот завод за статистика, Републичкиот фонд за неразвиени подрачја, Републичкиот завод за судски вештачења и др., што поскоро да преминат кон делумно или целосно самофинансирање.

6. Се задолжува Владата на Република Македонија во најскоро време да изготви и на Собранието да му достави Буџет за 1992 година.

7. Владата на Република Македонија да му достави на Собранието на усвојување Програма за усвојување на активностите за демилитаризација на Република Македонија.

8. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да подготви Информација за мерките и активностите што ги презема Министерството за внатрешни работи на планот на конципирањето и законско регулирање на своите функции, организационото преструктуирање, како и кадровското, техничкото и технолошкото екипирање и оспособување на овој орган  и

9. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за финансии.

Молам, кој е за предложениот заклучок? (Пратениците креваат рака).

80 пратеници гласаа за Заклучокот.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува? (4 гласа).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Работен заклучок.

Минуваме на втората точка - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени пред почетокот на седницата.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година.

Кој еза, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

88 пратеници гласаа за Предлогот.

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (1 пратеник).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен. Дали Собранието го усвои Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака). Очигледно апсолутно мнозинство. Дали има некој против? (Нема). Дали некој се воздржува? (1 пратеник).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман на член 1 со кој се согласи претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

93 пратеници гласа за.

Дали е некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема). ^

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1991 година.

Сакам да ви предложам бидејќи имаше некои сугестии во врска со Законот. За овластување што бараше Владата, прво да расправаме по Информацијата за реинтеграција на Ромите, а подоцна, бидејќи има потреба за меѓу комисиско усогласување, за тоа да расправаме како последна точка, односно по Законот. Ако се_согласувате сега да одиме на Информацијата за реинтеграцијата на Ромите.

ТИТО ПЕТКОВСКИ: (продолжение)

Ако се согласувате,да одиме сега на Информацијата за остварување на Програмата за реинтеграцијата на Ромите од Македонија, повратници од Сојузна Република Германија.

Информацијата, извештаите на Комисијата за градежништво и урбанизам, Комисијата за образование, наука и култура и Комисијата за меѓунационални односи и Предлогот на заклучокот Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

ФАИК АБДИ:

Почитувани дами и господа, во својство на известил на Комисијата за меѓунационални односи сакам да го прочитам извештајот заради јавноста.

Комисијата за меѓунационални односи, на седницата одржана на 4.XII,1991 година ја разгледа Информацијата за остарување на прогрмата за реинтеграцијата на Ромите од Македонија, повратници од СР Германија, што ја изготви Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија и врз основа на член 199 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, го поднесува следниот извештај.

Во својство на претставник на Министерството за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, воведни напомени даде инж. Борис Шумковски.

Понатаму, во дискусијата зедоа учество повеќе пратеници.

Комисијата за меѓунационални односи се запозна со Информацијата при што констатира дека во неа се содржани податоци за преземенитe активности околу реализацијата на Програмата за реинтеграција на Ромите од Македонија.

Комисијата констатира дека се преземени бројни активности, особено од аспект на реализација на прашањата сврзани со изградба на предвидените објекти односно станбеното згрижување. Комисијата констатира дека реализацијата на предвидената програма ќе значи придонес кон реинтеграцијата на Ромите во Македонија, повратници од СР Германија.

Во таа смисла, Комисијата му предлага на Собранието да донесе заклучок со кој ќе се задолжи Владата на Република Македонија да се преземат мерки за натамошно позабрзано спроведување и на другите прашања што произлегуваат од споменатата програма, при што да се направат напори особено во сферата на вработувањето.

Едновремено, Комисијата се заложи за поцелосно информирање на јавноста со активностите, сврзани со реализацијата на споменатата програма.

Како претставник на овој народ, на Ромите во Македонија, односно како пратеник во ова Собрание, бидејќи многу се манипулира со тоа прашање и со Ромите што се овде во Македонија и со Ромите што се во Германија, сакам да кажам нешто.

Ги молам информативните гласила - радиото, телевизијата и печатот со ова мое излагање автентично да ја запознаат јавноста.

Ова прашање е старо 3,5 до 4 години. Да речам благодарејќи на ова Собрание, на прашањето што е овде поставено за прв пат после 3-4 години овде во ова највисоко законодавно-државно тело се расправа за оваа проблематика, за граѓани за кои што никој досега таму во Германија не водеше никаква сметка ниту при нивното враќање овде во земјата, во Македонија. Некаде во септември минатата година стариот Извршен совет имаше контакти со претставници од Германија и Северна Рајна - Вествалија со претставници од Федерацијата и од Македонија и на ова прашање му дадоа строго доверлив карактер. Ме повикаа и мене како претставник на Партијата. Понудија 7 вида на програми за враќање на Ромите од Германија и тоа по барање од Германците, заради тоа што се закануваше опасност во визно-пасошниот режим меѓу Југославија и Германија. Јас не прифатив ништо од тоа заради тоа што се мисли дека ќе ги вратат Ромите и ќе ги стават во некои резерват таму да речам, на пример, некое како да кажам прифатилиште и др.

Моите залагања и залагањата на мојата партија беа Ромите да останат таму да добијат дозвола да можат да работат, да се еманципираат таму. Прашав зошто само Ромите се бркаат, дали само Ромите, а не и другите, од другите националности, од Европа, од светот. Од германска страна ми беше одговорено, прво Ромите, потоа другите. Меѓутоа, мислам дека тука е голема грешка, голема неправда спрема Ромите, веројатно уште старите сфаќања се останати кај Германците, имаат нешто наследено од она што не сакам да го речам сега, од она од II - Светска војна. Но, што е, тука е.

Јас предложив, ако веќе ги бркаат од таму, да не е тоа бркање, зашто рекоа можеме да ги растовариме со камиони во Белград или на ваша граница и што сакате правете тие се ваши граѓани. Точно е тоа. Предложив програма која сега се остварува на овој начин и тоа за оние кои доброволно сакаат да се вратат. Се манипулира многу со ова прашање во Германија, имаше некни една емисија на телевизијата. За жал тоа се наши новинари, многу лошо се искажуваа Ромите таму. Јас знам дека Ромите се таму појдени заради големата беда, немаат вработуваше, немаат каде да живеат, многу им е тешко. Има Роми кои што имаат куќи, меѓутоа, немаат работа и отидоа, бегаат таму за парче леб. Меѓутоа, се најдоцнаа некои екстремни групи па ги организираат против Македонија, кажуваат дека Македонија не е нивната земја, нивна татковина, нивно се итн. Тоа е многу лошо и многу лошо зборуваат за Македонија. Ние дадовме јавно соопштение за таквите нешта. Ние сме и многу кивни на овие што ја правеа емисијата, Тие мораа да објаснат дека токму во текот на донесувањето на Уставот тие наши активности што ги правиме дека не е тоа, тоа. Тие куќички се направени,- луѓето се дојдени, еден дел се разбира, меѓутоа, во основа за што се работи? Да им се направи куќичка и се внатре во таа куќичка, б месеци да добијат апанажа, за тие 6 месеци да научат некој занает, преквалификација, во исто време да се гради некоја фабричка, некое мало стопанство за да работат, да живеат од свој труд и тоа не само во Скопје, во цела Македонија. Пробата е направена само во Скопје, луѓето добија 2 месеци, во договорот пишува што е услов за да може уште 4 месеци да земат пари, а преквалификацијата никаде ја нема. Тоа значи голем знак прашалник после 6 месеци што ќе биде. Тоа значи пак ќе останат социјални случаи, доколку иако овде се гарантира

со овој материјал од Владата односно од Министерството за урбанизам и господинот Лепавцов или како што го викаат моите Лапав--цев дека таа работа ќе биде завршена, изразувам стравување дека нема да биде завршена таа работа. Како пратеник сметам дека не може еден министер да дојде овде на оваа говорница во Парламентот и да рече каква низа сакате - куса, малку подолга или најдолга. Треба да биде доследен на својата функција, член на Влада, министер и во име на мојата партија барам негова оставка. Претседателот на Владата нека размисли за ова. Тој не смее да се однесува така од оваа говорница во Парламентот.

Понатаму имаме информации дека Германците исплатиле 12 или 14 милиони марки. Не се знае каде се потрошени парите,, иако овде пишува колку, каде итн., не е тоа, тоа. Еднаш бевме на разговор кај господинот Лепавцов како делегација и ни беше кажано дека 2 милиони марки ќе се инвестираат во не знам која фирма односно во " Шутекс " и таму да биде човекот принуден да ги прими луѓето - повратници на работа. Никој не го повикал за разговор, на разговор, а тоа е веќе објавено во печатот, сега Ромите во Германија односно во Скопје мислат дека господинот газда на "Шутекс" зел пари, 2 милиони марки. Човекот се чуди што да прави сега. "Радио-милева" многу работи, па би препорачал во рамките на овој заклучок овде што се предлага да влезе и заклучокот, ако тоа е постојана работа, не да се моли "Треска" бидејќи сега знам, по фирми одат - прими еден,двајца, примете вие 1, вие 1, итн. да ги стават некаде. Не може тоа така. Мислам дека мора да се најде здраво решение за излез од оваа криза на овие луѓе на овие наши граѓани.

Понатаму, мислам дека голема храброст имаа луѓето што работеа на овој проект, на тие куќи, и дење и ноќе, господинот Шумковски со својата група, со оперативата. Ги направија перфектно тие живеалишта, многу се уредни, многу се модерни, меѓутоа, залудно ако нема преквалификација и ако нема работа. Мислам дека Германија и Македонија поврзуваат од овој аспект други деловни односи, деловни врски за градба на нешто друго, за заеднички инвестирања итн. Овие Роми што се сега тука, спремни се веднаш да се вратат и на германските власти да им кажат дека не им е извршен дел од договорот, преквалификацијата и работата. А тоа ќе значи и проблем за Ромите и проблем за Македонија. Ние сакаме девизи, ние сакаме марки да дојдат овде во Македонија. Меѓутоа, изгледа како да не сме свесни за тоа, дека вредат тие марки па нека се 10, 12 или 15 милиони. Тие имаат своја вредност.

Понатаму, во општата корелација на ова прашање во врска со член 49 од Уставот на Република Македонија, вториот став каде што Република Македонија презема ангажирање, грижа за своите граѓани надвор од земјата, мислам дека Република Македонија добро е што почна и за овие луѓе да се ангажира и на контактите со германската страна, иако овде е набележано дека< господинот Фаик Абди бил повикан на разговор итн. да кажам да изјавам следното: дека веднаш по потпишувањето на договорот пред 3-4 месеци кога било тоа, имав средба со германската страна, тие беа 12-13 луѓе и ние 10-12 овде во Собранието во присуство на претставници на печатот еден час, малку се расправавме со господинот Хармс и после расправата се спријателивме и тој стои на мислење де^а_треба да им се помогне и проектот се реализира.

Меѓутоа, вториот пат кога дојде не сум бил известен воопшто и господата од Владата дојдоа на мое подрачје без јас да знам а ние бевме во Источна Македонија на откривање на споменикот од страна на Претседателот на Републиката. Понатаму доаѓаат разни делегации новинарски, од зелена партија или не знам други, тие доаѓаат самостојно во седиштето на Партијата. Сега во последно време, министерот на министрите господинот Клемен или не знам како се вика, простете што не можам да го запламтам името, 3-4 пати ме бараше зошто не сум тука. Кажано му е дека јас сум на службен пат во сабота и недела. Па јас дома на телевизијата го видов тоа дека се присутни луѓето овде. Овде има пратеници кој се членови на Комисијата за надворешно-политички прашања, тие тоа ќе го потврдат. Значи, сакам д бидат информиран, мислам дек сносам одговорност пред тие луѓе и барам оваа програма да се реализира онака како што почнало, како што пишува во договорот и тоа да важи за цела Македонија, зашто од цела Македонија Роми има таму. Колку за ваше информирање да кажам дека во Германија денес има околу 5-6 илјади Роми, а програмата се однесува само ан Ромите кои што се тука во Северна Рајна - Вествалија за околу 1.405 илјади наши граѓани. Меѓутоа, јас изразувам стравување дека таа програма нема да се реализира само заради тоа што од наша страна нема педантност и нема искреност. Барам Владата да поднесе извештај колку пари се примени од Западна Германија и во поединости за што се потрошени.

ЏЕЛАДИН МУРАТИ:

Почитувани пратеници, бидејќи станува збор за голема инвестиција од 2 милиони, 14 милиони марки, девизни средства, интересно е проблемот да се проучува пошироко и да се елаборира

за да ги добиеме тие средства за унапредување на животот на овие граѓани од нашата Република. За мене индикативно беше прашањето дали оваа Информација се однесува само за Ромите од Скопје или од цела Македонија.

Инаку, неколку аспекти му даваат посебна димензија на овој проблем, и тоа, пред се, елементите на социјалната заштита дефинирани како обостран интерес, наш и на државата која ги оддалечува овие граѓани од својот простор, заради кои причини беше изнесено и претходно, не се знае се уште точно, можеби истата судбина ќе ја имаат и другите граѓани како што беше изнесено.

Второ, организирана општествена акција на наши органи, пред се, Министерството за внатрешни работи, Министерството за урбанизам, Министерството за труд и социјална политика, а сметам дека треба да се вклучи и Министерството за образование. Не знам зошто е испуштено, а секако има огромни задачи кои произлегуваат од ова Министерство.

Трето, непосредно финансиско ангажирање и на Републиката и на органите од Северна Рајна Вествалија.

Четврто, побрзо создавање на услови за обезбедување на доследно живеење на овие граѓани.

Нужен е основен пресврт во сфаќањето и реализирањето на реинтеграцијата.

Меѓутоа, во самата информација станува збор за еден индикатор од 1.400 лица, граѓани, во што не се дефинираат сите односи кои треба да се дефинираат за нив, а не се оперира со други податоци кои би биле секако значајни за нивното натамошно унапредување и вклучување во реалните и нормалните текови на животот.

Пред се, ако го почитувам податокот за 1.40 0 лица кои статистички се така значајни и ако овие 1.400 лица се однесуваат само за Скопје, а според годишниот попис на населението тоа изнесува 0,4% население што се опфатени со овие 1.400 лица од 29 иљјади колку што има вкупно Роми во Скопје или пак ако се однесува за цела Република, тогаш 1.400 лица се содржани во 0,25% граѓани од вкупната популација Роми во Републиката кои во процент изнесуваат 2,73%.

Меѓутоа, за да биде информацијата поконкретна, беше изнесено и од господинот Фаик Абди, треба да содржи и доста други елементи по кои би расправале и ние како Парламент. Пред се треба да се знае од кои градови на Македонија се опфатени овие лица и каде е нивната концентрација.

Второ, динамика на дезинтеграција по години.

Трето, колку години се таму овие граѓани.

Четврто, занимање, односно струка на возрасните лица.

Петто,пол на овие граѓани. Особено е значаен полот за нивното вработување и оспособување за вработување.

Шесто, колку вкупно семејства сочинуваат овие 1,400 лица за кои се однесува оваа информација.

Седмо, структурата на семејството, број.

Осмо, од вкупно 1.400 лица колку од нив се малолетни децас и тоа до 7-годишна возраст, што е значајно за вклучување во предучилишното образование, бидејќи за нив се финансира, потоа од 7-14-годишна возраст, што е основно-школска возраст, како да се вклучат тие деца кои се враќаат во редовното образование.

Деветто, дали децата биле вклучени во образовниот процес пред заминувањето од нашата земја и дали таму се вклучени некаде во образовниот процес, дали имаат завршено некое одделение за да можат овде полесно да се интегрираат и да се вклучат во редовниот воспитно-образовен процес.

Ова се елементи кои укажуваат во каква состојба се наоѓаат нашите граѓани кои се дезинтегрирани, а сакаме да ги интегрираме во сите општествени текови и да покажеме поголема активност и ангажираност на сите општествени субјекти, пред се на овие министерства и на другите органи кои треба да дадат свој ангажман и согласност за нивното разрешување на проблемите кои се присутни со овие 1.400 граѓани, иако беше речено 5-6 илјади колку ги има, сега станува збор за овие 1.400 граѓани.

ЉУБОСАВ ИВАНОВ:

И овој случај зборува колку ние неорганизирано приоѓаме кон работите и колку не сме во состојба да одредени моменти ко1 ни се покажуваат како шанса, како можност за решавање, да ние толку не студиозно, толку едноставно и толку несериозно ги разрешуваме. Нема град во кој што проблемот со Ромите не е присутен и од урбанистичка и од здравствена и од просветна и од економска и социјална и не знам каква се не причина. Овој момент и овој почеток со Северна Рајна може добро да послужи да во тој поглед таа проблематика се рашири не само во овој дел на западна Германија туку многу пошироко, а исто така се прошири и во м ногу други земји како што е Италија итн. И ние мислам дека имаме многу голема можност за сите овие проблеми за кои што зборував по малку да ги разрешиме, но ако му пристапиме на проблемот многу сериозно.

Прво, тој мора многу студиозно да се разреши од урбанистичка гледна точка за што се укажуваат сериозни шанси, а тоа значи дека министерството за урбанизам и градежништво треба на овој проблем од тој аспект да му пријде со целата сериозност, со целото знаење, стручност и да понуди во тој поглед решавање на поширокиот дел од Република Македонија.

Исто така Министерството за образование треба овој проблем да го согледа со целата своја ширина, од сите овие аспекти за кои што претходните дискутанти зборуваа и во оспособување на тие луѓе за идни трудбеници, работници и креативни снаги. Најважниот дел сега доаѓа како да се реши економскиот проблем на тој дел на население, а утре можеби ќе зборуваме и за друг дел, но сега предмет на расправа се ромите, како да се реши прашањето на вработување да се обезбеди егзистенција, живот, стандард не само на тие што ќе се вратат туку и тие потенцијалните утре

коишто исто така ќе тргнат, а тоа е сепак е еден дел на население кое што е во тој поглед подготвено, во тој поглед има и навики, во тој поглед и бара свои егзистенционални решенија. Според тоа мислам дека на проблемот на вработување отворање на работни места, на проблемот на економското решавање ама ништо досега не е направено. Тоа веројатно не може да го направи ниедно министерство, но тоа министерство , во случајов за стопанство, може да иницира формираше на еден конзорциум, кој конзорциум од стопански организации би нашол свој поширок интерес да вложи и сопствени средства и да ангажира додатни средства од овие земји прво во изградба на објекти и производи кои утре ќе претставуваат едно позначајно материјално производство на тие организации.

Второ, низ ваква една активност тие организации кои ќе го формираат тој конзорциум ќе имаат многу поголема можност, по право се отвора една голема шанса на поврзувањето на тие организации со стопанствата на земјите кој се заинтересирани за решавање на овој проблем и тука има голема шанса да се вклучат организациите кои што се бават со чиста електроника и кој почнуваат да влегуваат во повисоките технологии, во микроелектрониката итн., но и голема шанса класичните организации од црната металургија, од организациите од автомобилската индустрија, хемиската индустрија, посебно аграрот итн. Според тоа, мислам дека како Собрание треба во тој поглед сега да препорачаме, заклучиме, предложиме да се пристапи кон решавање на оваа проблематика од една научна гледна точка каде се вклучени, науката знаењето, професионализмот и на проблемот да се помине не од формална гледна точка, се е досега некој формализам, давање на некоја форма, не му е пријдено на проблемот со една потполно студиозна стручна, професионална гледна точка.

Сметам  дека оваа шанса не треба да се пропушта затоа што тој обем, тој правец многу ќе се шири во наредните години и да препорачаме во тој поглед сега да почнат сериозни активности. Министерствата кои што тука ги напомнав за стопанство, за урбанизам и градежништво, за образование и да се вклучи и Комората која би направила  конзорциум. Во тој поглед јас ги давам тие предлози.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Почитувани пратеници, не би сакал да бидам погрешно разбран, но некои аспекти со реинтеграција на Ромите не се доволно расветлени, па би сакал да презентирам едно мое видување во врска со сето ова. Опфатена ли е законската регулатива во смисол на измена на урбанистичкиот план на Град Скопје, поточно на општина Чаир, каде што гравитира населбата Шуто Оризари. Сакам да кажам дека воопшто не е консултирана општина Чаир ни пошироко градот. Во смисла на горенаведеното покренат е предмет со иницијатива за измена и дополнување на деталниот урбанистички план за населба Шуто Оризари под бр. 12 сл. лист од 14.08.1991 година, од секретарот на надлежното министерство на општина Чаир со негово мислење кое воопшто не е разгледувано на ниедна седница во матичната општина како претставник на локалната самоуправа'.

Како пратеник на општина Чаир повикан сум од граѓаните од истата општина да дадам едно мое видување во врска со реинтеграцијата на Ромите од општина Чаир, во контекст на изложеното. Дали воопшто се опфатени причините за барање политички азил, а нивната реинтеграција во целост поддржана како економско социјална, ако истите во целост бараа политички азил, а не се спомнува економско-социјалниот момент, се прашувам дали истите

живееја негде, дали имаат некаква сопственост, имот, куќи и слично.

Би се надоврзал на горе искажаното,а ,во контекст на истото, дали Министерството за внатрешни работи го има извршено следното: Увид во решенијата за реинтеграција на Ромите кои треба да се вратат во Скопје и во Македонија. Дали истите имаат македонско државјанство пред да ја напуштат нашата Република? Дали покрај македонските државјани - Роми е направена злоупотреба од роми кои никогаш не биле државјани на Македонија т.е. потекнуваат од другите републики на бившата СФРЈ, а сега бараат спас во Македонија, и нормално треба да бидат на товар на нашата Република? Дали Владата на Северна Рајна Вествалија во договор со Владата на Република Македонија има добиено мислење од високиот комесаријатот за политички емигранти, бегалци на обединетите нации и дали во случај на барање на политички азил автоматски престанува или се откажува македонското државјанство. Ако сето ова е основано Македонската влада и ресорниот министер треба да ги сносат сите последици и консеквенции кои ќе следуваат. ЈОРДАН БОШКОВ:

Дами и господа, јас сакам на пратеникот Фаик Абди да му ја изразам мојата честитка затоа што оваа точка сепак е уфрлена во расправата и онака како што тече самата расправа по мое гледање од прилика течат и работите на теренот, а јас би се осврнал само во неколку црти на она како протече посетата последна од Германскиот да кажам тука изворно Бундестант оти тоа е малку тешко да се преведува, не е тоа ни провинција, ни Република, а сепак е држава во стил на германскиот федерализам, таа посета овде за која и господин Авди кажа дека

е незадоволен од тоа што не бил вклучен, сета посета, инаку мешовита делегација беа парламентарци во склоп на Делегацијата владин дел, потоа службенички дел од Владата па и од Парламентот сета таа посета покажа дека германската страна покажува огромен афинитет и за ова подрачје, а посебно за самата проблематика - реинтеграција на Ромите, тоа е имено прв таков проект во Европа што нас може и да не теши. Со тој проект поврзани се и финансиски средства што за наши прилики не се занемарливи. Се покажаа неколку моменти кои од наша страна не беа на задоволително ниво. Најпрвин што од германски аспект интерес постои и на највисоко ниво барем во тој Бунденстант, а кај нас еве Парламентот прв пат дебатира за оваа тема и притоа проектот веќе се разработува или на теренот е присутен над година дена.

Сега има многу девијантни појави. Едно е тоа што Германците не беа задоволни дека ние не го третираме ова прашање соодветно. Второ, по мое видување ние и на таа делегација не и обрнавме внимание да не изнесувам многу детали, но ќе мораме да поработиме и на нашиот Деловник и како ќе се однесуваме на вакви посети. Исто така, сакам да кажам дека причини за незадоволство околу фактичкото спроведување постојат, некои од нив чувме, но јас како што ја прочитав Информацијата од Министерството и онака ' како што ги познавам нештата до сега не би направил од оваа тема една расправа која на крај може да не води и во тие насоки што се меѓунационални односи,колку се нарушени, колку не се туку повторно, или можеби за прв пат само ќе си го поставам моето прашување, моето барање ние да водиме еднаш конечно и расправа за меѓунационалните односи тука, кај нас.

ФАИК АБДИ:

Се јавувам заради тоа што гледам дека проблемот е многу сериозен и прашањата што се овде поставени даваат поволна слика за да се фатиме во костец со проблемите за решаван>е на овие прашања. Она што го спомна потпретседателот, колкав е бројот, колку деца, колку машки, колку женски итн. дали се опфатени во училишната возраст, во училиштата итн. има такви податоци, децата се опфатени и се згрижени во детски градинки. Меѓутоа " рекла-казала" зборува дека не бев на тие официјални разговори како да им е кажано на Германците еве изградивме ново училиште, изградивме нова детска градинка, а тие постојат 10 години. Тоа се гледа дека постои, впрочем прв пат кога дојдоа, кога ние не бевме пратеници, јас сум ги прошетал тие луѓе таму. Не знам колку е точно ова, но така сум информиран, меѓутоа, сепак тоа треба да се провери.

Ова на дневен ред го поставив набрзина затоа што постоеше опасност луѓето пред три дена да си заминат за Германија и веднаш да се обратат за своите права од аспект на димензија на човечки права. Во саботата кај господинот Киро Глигоров имаше една таква делегација и таа делегација сакаше со мене да има контакти и разговаравме за други прашања, за Уставот и за овие прашања. Јас потврдив дека Македонија води сметка и дека е почнат процесот на реинтеграција затоа што знам дека тука треба да се реши прашањето заради тоа што Германците даваа "и шаком и капом", и тоа треба да се искористи како голема шанса.

Јас летоска побарав прием кај господинот Лепавцов да разговараме на ова прашање, по телефон, а тој ми рече"ќе те ставам на возен ред, па кога ќе дојдеш на ред, тогаш ќе те примам". За срамота,до сега ни еден министер на нашава Влада така не постапил и им се заблагодарувам на онаа, да речам, мината добра волја за соработка итн. па во тој контекст јас и денеска вака истапувам без разлика што не е тука господинот Лепавцов, меѓутоа тоа не е начин на комуницирање. Сигурно тогаш ќе разговаравме за овие работи. Јас со овие луѓе повратници не контактирам воопшто заради икс причини, зашто се шират горе неточни работи. Некни сами дојдоа горе и побараа прием кај мене негде преку 26 луѓе возрасни мажи и жени, јас со нив разговарав и осознав за овие работи кои се многу лоши.

Од аспект на локацијата, државјанството, политичкиот азил итн. сум чул, имам информација дека Ромите таму бараат политички азил заради тоа што овде почна процесот на демократизацијата, војна во Хрватска, во Словенија, не знам каде итн. луѓето бегаат, нема што да јаде и бега нормално, тука се движи, тука се врти некаде, не е тоа чист политички азил, целата работа се сведува дека тоа е економијата, во прашање е лепчето и германската страна знае дека пред се економијата и сака да помогне и тоа треба на било кој начин да се прифати, да се помогне. Она што го направила општината Чаир односно Владата односно Владата не ја консултирала општината Чаир и ние како жители на населбата сме се спротивставиле да не бидат тие баракички на тоа место, меѓутоа кој те слуша, тие почнаа градба и тоа е тоа. Луѓето правеа еден вид демонстрации дека тоа понатаму ќе биде некое си гето или што- знам уште што ќе биде> да не се мешам во тие

работи, но што е како е, во моментов тие куќички се многу убави, тоа се бараки, и тука може да се живее во нив.

Сметам дека тоа што зборуваше колегата пратеник ова е почеток на отворање на страница за решавање на прашањата на сите. Ако се сеќавате уште кога дојдовме на овие пратенички клупи, јас до Владата поставив едно пратеничко прашање, ќе го поставам и сега за кое што не добив воопшто одговор. Во какви се супстандардни живеалишта живеат граѓаните на Република Македонија и начин на решавање на тој проблем. Во тој момент мислев на Ромите, Албанците, Турците, Власите, Македонците на сите жители на Македонија. Па со години 45, 50 години овде е инвестирано само за да речам една врста луѓе кои што имаат предност во се. Една голема сиромаштија живее во ненормални услови на живеење. Одговор се уште немам добиено. Барам од Владата што побрзо да добијам одговор на ова прашање, а ова што е на дневен ред денеска е дел од тоа прашање. Наиме, јас тогаш мислев на ова прашање, а се однесува за сите.

Се согласувам оваа точка да добие една димензија многу постудиозно да се работи онака како што господинот Љубосав Иванов го образложи и верувам дека ќе најдеме начин и сила и време и можност во оваа наша држава, Република Македонија да најде начин како да искористи и странски вложувања односно странска помош за решавање на наши проблеми на наши граѓани на Република Македонија зашто ние сме малку анемични зашто немаме добар њух и не сакаме да слушаме, како да ни е внатре во душата некој си инат, ресорен инат ли е, што ли е, како ли е, не знам што, меѓутоа не е тоа што треба да биде.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Дали некој во врска со овие две-три прашања од Владата бара збор? (Никој)

Дали господинот Иванов овие предлози што ги имаше како заклучок на Собранието или е сугестија на Владата во натамошното третирање на проблемот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Рековме тоа се сугестии на Владата инаку ако беа предлози да заклучи Собранието требаше во писмена форма да се достават.

Значи да констатирам дека 67 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го усвои Заклучокот, а овие предлози и сугестии што беа дадени и стенограмот ќе бидат доставени на Владата на знаење.

Поминуваме на 12-та точка - Предлог за донесување на закон за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција на Република Македонија со Предлог на закон.

Бидејќи Комисијата за стопанство има амандмани на овој закон, предлагам Законодавно-правната комисија да ги погледа овие амандмани, а мислењето на Законодавно-правната комисија да го погледаат двете комисии Комисијата за стопанство и Комисијата за економски развој .

Ако се согласувате со овој предлог да дадеме пауза од половина час и да продолжиме точно во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,35 часот). (Седницата продолжи со работа во 17,15 часот).

Продолжуваме со работа.

На дневен ред ја имаме точката 12 - Предлог за донесување на закон за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон, извештаите на Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој и Законодавно-правната комисија и амандманите на пратениците Тодор Петров и Иван Иванов ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Со оглед на тоа што имаме различни предлози од надлежните работни тела на Собранието во врска со донесувањето на овој закон односно Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој предлагаат да се донесе овој закон, а Законодавно-правната комисија предлагаше да се одбие донесувањето на овој закон од причините наведени во извештајот на Комисијата, потребно е Собранието да се произнесе по нив.

Го молам претседателот на Законодавно-правната комисија да не извести дали Комисијата останува на тој извештај или во врска со овие усогласувања го има променето.

Дали нема потреба господине Стојановски, останувате на овој извештај кој е дополнително доставен.

Дали некој друг бара збор?
Има збор Туше Гошев.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Да не отворам повторно материјална расправа само имаме еден предлог во функција на членот 68 алинеја 16 во врска со членот 2 како што се предлага дека Владата на Република Македонија за преземените мерки поднесува месечен извештај на Собранието на Република Македонија предлагам до крај афирмирањето на членот 68 алинеја 16 и ако може да додадам еден став дека "Собранието може да ги укинува преземените мерки од Владата".

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, бидејќи станува збор за расправа во начело дали има потреба од донесување на овој закон и заради тоа малку со задоцнување се пријавив.

Јас мислам дали има потреба кога станува збор се прашувам и јас затоа што ваков закон имаме. Мислам дека ваков закон не треба. Ако има некоја иновација треба да се внесе, можеме да направиме само една иновација на законот, бидејќи тој закон веќе е во примена, одредени мерки се донесени од страна на Владата и не знам зошто вака ги комплицираме работите, па затоа само во начело, а понатаму ако е потребно ќе се јавам за дискусија.

ПЕТАР ГОРГИЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека со право постави прашање пратеникот Ајдарага по делот на потребата од донесување на законот за мерките што можат да се

преземат заради спречување и отстранување и нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија. Јасно укажува и самиот закон дека е во прашање донесување на закон за неприменување на постојните закони и други прописи и тоа само на оние закони со чија примена можат да настанат штетни последици во тековите на општествената репродукција. Така како беше предложен законот посебно во одредбите што беа во членот 1 јас само последните делови од членот 1 ги цитирам"можат да се пропишат поинакви права и обврски на правните и физичките лица утврдени со постојните закони до воспоставување на тековите на репродукцијата", мислам дека не можевме да го прифатиме и таквите одредби ги надминаа целите што требаше да се постигнат што во самиот наслов на Законот стојат. Тоа се деловите на штетните последици што можат да настанат во делот на репродукцијата.

Исто така, беше во спротивност со членот 54 од Уставот на Република Македонија. Затоа Комисијата за стопанство како матична комисија и Комисијата за економска политика и развој го разгледаа извештајот на Законодавно-правната комисија и оценија дека има потреба од донесување на ваков закон, но со изменет текст. Оттука и предложените амандмани кои што сега со извештајот ви се доставени со тоа што амандманите кои беа предложени од Комисијата за стопанство и амандманите кои беа предложени од Комисијата за економска политика и развој се надополнуваат и затоа комисиите заклучија да ги повлечат поднесените амандмани во текстот на законот содржани во извештаите од претходната седница а да се прифатат амандманите што ви се предложени во извештајот. Сега не би ги читал затоа што ги имате добиено. Но, морам да истакнам поради тоа што се наоѓаме во една крајно неповолна политичка и економска состојба и секојдневно не применување на економ-

економската репродукција водејќи сметка за одговорноста пред Парламентот, како претседател на Комисијата мерките ги сфаќам како потреба од дополнување на постојната законска регулатива и како дел од идната законска проекција, освен мерките што можат да се преземат на база на реципроцитет како изнудени решенија од времен карактер како времени мерки.

Потребата од донесување на Законот е ограничена и таа во предлогот на амандманите е содржана донесувањето на законските акти не се дозволи законски вакуум до донесувањето на законските акти и прецизирање на областите каде ќе се преземаат овие мерки. Така што во членот 1 се прецизирани областите каде ќе се донесуваат овие мерки: Исто така се ограничува и времето на извештајот односно информирање на Собранието наместо како што беше предложено 3 месеци се предлага секој месец Владата да го информира Собранието во поглед на преземените мерки.

Потребата од донесување на Законот е нужна од таму што веќе е јасно дека најмалиот заеднички именител за идните односи помеѓу републиките е царинска унија или трговска унија многу лабав облик на соработка меѓу Републиките. Нужно ќе наметне потреба од забрзување на измена на постојната законска регулатива, но не така брзо и мора да постои еден празен простор. Сметам дека се бара и го оправдувам тоа како нужно тој празен простор да се дополни со мерките што ќе се применат со единствена цел избегнување на настанување на штетни последици во репродукцијата до донесувањето на системските закони. Тоа е практично основната измена што ја предложивме во Амандманот. Со состојбите за не применување на прописите се присутни и бараат, по мене, сигурно еден смирен пристап без паника за разрешување. Бевме сведоци пред неколку дена кога Собранието

на Босна и Херцеговина расправајќи по темата за економска состојба во Б и Х кога членот на претседателството Фикрет Абдиќ предложи пристап на договарање, а не одбрана со вакви мерки кои сигурно се изнудени и како такви треба да ги прифатиме.

Посебно сакам да истакнам дека Владата не смее да се олабави во делот на интензивирање на подготовките за новите законски акти и што помалку се уредуваат овие по овој Закон сметам дека е непродуктивно и непотребно. Тој да се применува во крајна нужда и по принципот на реципроцитет кој ќе бидат преземени од другите субјекти.

Сметам на крајот дека по уставниот основ може да се обезбеди преку членот 68 од новиот Устав на Република Македонија што го потврди Законодавно правната комисија. Сметам дека е упатно отворено да се каже од Владата доколку се во теснец со време за изготвување на законските акти од областа на општествената репродукција, мерките што треба да се преземаат заради покритие на таа празнина по истите веднаш да се расправа и да добијат верификација од Собранието. Не мора по овој Закон Владата да ги донесува сите мерки, но тогаш кога е можно за одредени мерки Собранието во редовна процедура ги верификува и така нема да дојде до пречекорување на овластувањата за кои многу се дискутираше во комисиската расправа.

Предлагам Собранието како највисок орган на власта да го прифати донесувањето на овој Закон од времен карактер со изменет текст да го покрие празниот простор на примената на постојната законска регулатива. Уверен сум дека за примената на мерките ќе се обезбеди целосна аргументација во спречување на штети, тоа е самата цел. Не донесувањето на Законот отвора празен простор помеѓу Собранието и Владата и можност за поместуваше на локацијата на

одговорноста за состојбите во репродукцијата во стопанството. Затоа предлагам донесување на работен заклучок Владата на Република Македонија за донесените мерки по овој Закон веднаш по нивно донесување ви доставува на Собранието на Републиката, а Собранието преку претседателот или по иницијатива на неколку пратеници оцени за свикување на вонредна седница на Собранието и произнесување по иститe. Работниот заклучок ви е доставен.

Комисијата амандманите за стопанството не ги гледаше на пратениците Иванов и Петров и сметам дека амандманот што го предложи пратеникот Иванов не би требало да се прифати, тоа е мое лично мислење, инаку треба Собранието да се произнесе, бидејќи истиот коинцидира на одредена одговорност што треба да произлезе со примената на мерките, а сметам дека мерките имаат за цел да спречат настанување на штетни последици а не да предизвикуваат штетни последици . Оттука сметам дека не би требало предложениот Амандман како дополнување на Законот да биде прифатен. Мислам дека со тоа се бара да се лоцира одговорноста во делот на применувањето на самиот Закон.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

За тоа ќе расправаме при претресот по Амандманот.

Има збор пратеникот Абдурахман Халити.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Почитувани пратеници пред да се даде паузата јас така слушнав претседавачот рече дека Законодавно правната комисија да ги разгледа усогласените амандмани на двете комисии на Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој. Имаме Извештај од Законодавно правната комисија каде се кажува дека ги поддржа усогласените амандмани.

Има Извештај на Законодавно правната комисија каде вели дека нема потреба за донесување на Закон на мерките и се поставува прашањето на следниот начин. Дали Законодавно правната комисија го повлекува претходниот извештај затоа што расправала за усогласените амандмани на двете Комисии или не го повлекува? Заправо, дали Комисијата смета дека има потреба за донесување на Закон, г^ислам дека тоа треба да пишува и во Извештајот.

Меѓутоа, кога веќе излегов тука да изразам едно лично мислеше заради принципиелни причини сметам дека ваков закон не треба да се донесе, поради тоа што не е во прашање немањето на уставен основ за донесување. Тука беше спомнат членот 68 и тој кажува дека Собранието донесува Закон и ништо повеќе и ништо помалку: Меѓутоа, прашањето е во тоа дали Собранието може да ја овласти Владата да донесе прописи и други мерки кои однапред претпоставуваме дека не ќе бидат во согласност со постојните закони, со постојната регулатива. Ако тоа се сака, тогаш јас не сум за донесување на ваков Закон. Ако ми биде одговорено дека Владата ќе преземе мерки и активности за извршување на законите, тогаш Владата такво овластување има во членот 91 став 1, алинеја 1 каде вели дека  Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршувањето на законот и другите прописи или уште поблиску трета и ли четврта алинеја вели дека Владата донесува уредби, одлуки за извршување на законите и другите прописи. Така пишува во членот 91 алинеја 4. Ако се работи за овие проблеми тогаш да биде начисто инаку за мене лично да повторам нема потреба никој да не обедува дека Владата треба перманентно да реагира на состојбите што ги наметнува времето . Прашањето е во тоа што јас лично сметам дека Владата таква уставна можност има и без донесување на овој Закон.

Има Извештај на Законодавно правната комисија каде вели дека нема потреба за донесување на Закон на мерките и се поставува прашањето на следниот начин. Дали Законодавно правната комисија го повлекува претходниот извештај затоа што расправала за усогласените амандмани на двете Комисии или не го повлекува? Заправо, дали Комисијата смета дека има потреба за донесување на Закон, мислам дека тоа треба да пишува и во Извештајот.

Меѓутоа, кога веќе излегов тука да изразам едно лично мислење заради принципиелни причини сметам дека ваков закон не треба да се донесе, поради тоа што не е во прашање немањето на уставен основ за донесување. Тука беше спомнат членот 68 и тој кажува дека Собранието донесува Закон и ништо повеќе и ништо помалку: Меѓутоа, прашањето е во тоа дали Собранието може да ја овласти Владата да донесе прописи и други мерки кои однапред претпоставуваме дека не ќе бидат во согласност со постојните закони, со постојната регулатива. Ако тоа се сака, тогаш јас не сум за донесување на ваков Закон. Ако ми биде одговорено дека Владата ќе преземе мерки и активности за извршување на законите, тогаш Владата такво овластување има во членот 91 став 1, алинеја 1 каде вели дека  Владата на Република Македонија ја утврдува политиката на извршувањето на законот и другите прописи или уште поблиску трета и ли четврта алинеја вели дека Владата донесува уредби, одлуки за извршување на законите и другите прописи. Така пишува во членот 91 алинеја 4. Ако се работи за овие проблеми тогаш да биде начисто инаку за мене лично да повторам нема потреба никој да не обедува дека Владата треба перманентно да реагира на состојбите што ги наметнува времето . Прашањето е во тоа што јас лично сметам дека Владата таква уставна можност има и без донесување на овој Закон.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине Халити јас го прашав претседателот на Законодавно правната комисија дали го повлекуваат стариот и остануваат на овој Извештај и добив потврден одговор.

За збор се јави Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Вака како господинот Абдурахман го постави ова прашање овде навистина се расправаше пред Законодавно правната комисија и ние тоа го цениме. Меѓутоа треба да се има предвид дека се прекина седницата на Собранието да се изврши усогласување помеѓу амандманите поднесени во другите работни тела односно матичните служби. Навистина Законодавно правната комисија од 4. декември има донесено заклучок дека нема потреба од донесување на ваков Закон. Меѓутоа, господа имате текст пред вас. Овој текст кој го примивме како усогласување на двете тела се разликува од оној што ни го понуди Владата како прв работен текст кој почнуваше заради тоа и тоа. Овде ова ние го сфативме во Законодавно правната комисија дека се работи за усогласување затоа што Владата го прима ова како свое и дојде до тоа да се работи за нов текст и ние кога расправаме господинот Абдурахман добро се сеќава тоа не е одамна пред еден час ние посебно гласавме за оваа работа и навистина беше 7:1 се гласаше против овој Извештај што го имаме сега и го изнесе истиот став што и сега го поддржува. Меѓутоа, Комисијата сфати дека се работи за сосема друг текст што не велиме да се сфати, туку вие ги имате текстовите и погледнете ги. Овој текст вели "Владата на Република Македонија може " ....

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (Продолжение).

...а напред беше. Владата на Република Македонија, заради тоа и тоа презема. Значи, беше императив, а овде е само право она што е штетно за држава Македонија од законите кои што се преземени од Сојузот, а не се во спротивност со ова или се во спротивност што ќе нанесе штета за Македонија, тие во извршувањето остануваме и понатаму дека Владата е извршен орган, а не законодавен дека во извршувањето на законите, кои ги донесува ова собрание, ќе донесе одлуки за нивно применување.

Понатаму, ако го имате и другиот текст говори за Законот, објавен во "Службен весник на СРМ" како што таму стои, инаку е РМ сега да кажеме /1990 година каде даваше само вакви интервенции во една област, во областа на финансиите. Меѓутоа, сега со изменетите услови, кои настапија поради разврските и настаните во Југославија воопшто и посебно дали тоа ќе биде Србија или Босна и Херцеговина, Србија и Словенија па најпосле и Македонија, ние овде застанавме како економска потреба од економска заштита овој закон да има место да се донесе, поради овластување на Владата да може во одредени моменти да не ги применува законите кои одат на штета на Република Македонија. Според тоа сметам дека оној извештај што бил пред една недела така да кажам или поточно пред 6 дена излегува дека бил извештај за друг текст, за друг закон ако носи сегашно име. Според тоа, ние го прифативме во Законодавно-правната комисија без да се впуштаме во расправање по она што беше претходно. Ние отидовме да ги видиме амандманите што овие две комисии ги дале. Ако треба нешто дополнително готов сум да објаснам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Инаку, пред да земете збор да констатирам дека Комисијата го повлекува стариот извештај, а останува новиот.

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:

Има едно прашање кое треба да се каже јавно. Законодавно-правната комисија оценува дали со Законот што се предлага да се донесе се доградува правниот систем. Одговорот на ова прашање за мене е негативен, затоа што понудениот текст не придонесува за доградба на правниот систем на Република Македонија.

Второ, лично сум убеден и длабоко убеден дека текстот на Законот не кореспондира со содржината на Уставот и би се осмелил да кажам дека е противуставен. Околностите што се обидовме тука да ги изнесеме, јас со ништо не ги оспорувам. Околностите се такви какви што се. Веројатно, можат да бидат и уште потешки, ја имам предвид потребата Владата секојдневно да реагира и да донесе мерки за спречување на евентуални негативни последици итн. меѓутоа, повторувам дека Владата таква можност има. Доколку Владата смета дека одделни мерки што смета да ги преземе е потребно Собранието да се произнесува има можност по итна постапка тие мерки тука на Собрание да се утврдат. Инаку, се плашам, јас не се плашам од Владата, јас сум длабоко убеден исто така дека Владата има многу добри и племенити намери. Јас се плашам од нешто друго. Се плашам да не настане ситуација за поделба на власта спротивно на Уставот. Законодавната власт да се премести од Собранието во извршната власт. Во тоа е моето стравување и од овие позиции поаѓав кога го предлагав ова.

ЛАМБЕ АРНАУДОВ:

Почитувани пратеници, јас секогаш кога се јавувам за збор кој е од економска природа темата, секогаш се залагам за функционирање на пазарот и за конкуренцијата. Меѓутоа, пред неколку дена јас овде го бранев ставот на Владата односно бев за донесување на Законот, а на тоа ме наведе една компарација на споредување од не така далечно минато што се случи на нашиве простори и за кои и денес ние чувствуваме некои појави кои се доста големи, пренесени и сега во суверена самостојна Македонија. Имено, после Втората Светска војна САД и сите други развиени капиталистички земји преку својата државна политика во областа на надворешната политика и преку изработениот маркетинг во стопанските субјекти, кој маркетинг за нас беше нешто непознато, почнаа да ги обработуваат стопанствата на неразвиените земји и да извлекуваат профит од тие земји, користејќи го таканаречениот глад за стоки, а исто така, и ниската продуктивна способност на тие стопанства и технолошкото ниво кое беше на најниски можни гранки. Бидејќи тоа се случуваше од година во година доведе до тоа во тогашна Југославија природните ресурси на таа земја, а сигурно во склоп на тоа и природните ресурси на нашата Република, се ставаат во второстепен или третостепен значај односно стопанството односно кое до тогаш се полагаше на земјоделството, на сточарството, јагленот како гориво, се повлече во втор план, а тие производи, за мене, кои доаѓаа од тие земји, на пр. во сточарството наместо кожа дојде скај, наместо јагленот навлезе нафтата, наместо други производи кои ние ги имавме овде,се заменија со производи кои беа интересни на тие земји кои вложуваа капитал кај нас и кои користеа големи профити, а нашето стопанство се повеќе и повеќе се осиромашуваше. Тоа доведе цело наше стопанство суровински, технолошки и финансиски да биде зависно од тие земји. Нормално, вие

сигурно се сеќавате и јас паметам секоја установа, градба, дали тоа беше диоскоп, општина или судови горивото беше на јагленот. Меѓутоа, наеднаш тоа се замени и навлезе нафтата.^ Сега што се случува тука? Ние нашите производи, бидејќи веќе стана неинтересно за нашите производители да се занимаваат со сточарство ја изгуби вредноста на пазарот како извоз, затоа што немаше заинтересирани и ја изгуби цената во споредба со конкуренцијата на странскиот пазар, а навлезените стоки веќе добиваа се поголема и поголема вредност. Вие се сеќавате наместо волна навлезе најлон, перлон, наместо нафтата како што спомнав, јагленот, со кожата,скај и станавме апсолутно зависни од нив. Сега тоа доведе до нерамномерен одлив на девизи односно разликата меѓу приливот на девизите и одливот на девизите беше извонредно голем во корист на одливот. Според тоа, сега се доведе во една ситуација стопанските субјекти чии интереси беа загрозени почнаа сами себеси да се снаоѓаат на пазарот, а тоа доведе глобалните интереси од секторот или од целото државно стопанство се нарушуваат во интерес на тие стопански субјекти. Повторно да не ни се случи таква работа, јас мислам дека овој закон во целост да се поддржи. Право е на Владата да оцени до кога може да оди во користење на правата, а ние затоа сме овде да оцениме дали тие се исправни или не. Меѓутоа, мислам дека воопшто не треба да размислуваме од следниве причини за да не ни се случи и сега, а нашево стопанство е доста ранливо и можам да кажам, иако сме сега доста поразвиени по однос на временски од тоа време, меѓутоа разликата која постоеше тогаш меѓу развиените и неразвиените земји е уште поголема на сегашен степен наша развиеност и степен на развиеност на развиените земји. Затоа мислам дека овие привремени мерки, предострожност за да се заштитиме треба да се донесат и да

се поздравуваат. А Владата преку својата макро економска политика да им помогне на сите стопански субјекти и да им овозможи простор, бидејќи секогаш најголемиот успех и резултат се добива од споредбата меѓу увозот и извозот во зависност од тоа дали ќе има суфицит или дефицит. Да им обезбеди такви услови секо] стопански субјект да извезе стока по максимално високи цени, а при увозот да се увезува стока при максимално мали цени.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Почитувани колеги, на прв поглед, бидејќи живееме во вонредни прилики прифатливо е и вонредно реагирање. Меѓутоа, мислам дека ние во вонредни прилики донесовме устав и сега со овој закон сакаме да воведеме тоталитарност во правниот поредок и наместо по договорената економија, да поминеме во командна економија. Од тие аспекти се приклучувам кон мислењата дека нема потреба од донесување на ваков закон односно евидентираната проблематика од областа на економијата во сите набројани позиции, Владата може да разрешува преку предлагање на закони, а Собранието треба последиците да ги носи и на тој начин да ја разрешува оваа проблематика. Ова заради тоа што блокадите се политички моделирани облици и модели со кои што се сака да се изврши едно драстично влијание на политиката врз економијата и преку командна економија да се постигнат одредени резултати. Меѓутоа, треба да имаме предвид дека така обликуваните политички модели се проблематични од етички аспект и проблематични се и од економски аспект. Проблематични се од економски аспект заради тоа што политичката филозофија на пазарната економија покажува дека интересот е посилен од секаква политичка и економска блокада. Никаде такви блокади не дале резултати. Според тоа, со командна економија ние не можеме да ги спречиме и да имаме потполни ефекти на постојните економски блокади.

Потоа ние се определивме за пазарна економија и донесовме устав, а сакаме да оставиме на позиција на командна економија одредени сектори, заради вонредните прилики. Исто така и политичките моделирани облици на економска блокада односно на наметнување на политиката над економијата се и етички проблематични, заради тоа што во суштина со тие модели се удира на политичката елита. Во суштина правата жртва е народот и широките народни слоеви со цел да се доведе до едно нерасположение кај народот и да ја сврне политичката елита од власт. Меѓутоа, при вакви модели кои се креирани од надвор, тие се етички проблематични, заради тоа што нападот го вршат врз народот и не се ни успешни, заради тоа што народот во такви услови се соединува со елитата, бидејќи се од надвор и не дава да ја постигне саканата цел.

Да заклучам мислам дека при постоење на устав потребно е Владата сите овие позиции и целиот концепт што сака да го реализира со овој закон, може да го реализира со закони за секоја позиција и секој сектор од областа на економската сфера, Собранието донесува закон и на тој начин да ги освојуваме плуралните предели и во областа на пазарната економија и во областа на политичката сфера.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Почитувани пратеници, после вакво убаво теоретско излагање на господинот Трпеновски за елитата и за народот, јас само нешто ќе кажам. До колку ние не го изгласаме овде, жртва ќе биде народот, а не обратно. Но, да не навлегуваме многу и да не разглабаме, сите сме тука гледам големи поборници за правна држава, за почитување на законите, но каде беа сите тие тука пратеници кои толку жестоко се залагаа за почитување на законите кога и самите бевме сведоци на почетокот на конституирање на Парламентот, одредени политички

функционери да си го кршат и законот и уставот, а сите ќутеа, со исклучок една мала партија Лига за демократите, само таа најде сила и храброст тоа да го даде во јавноста, Затоа, многу да не предлагам, да не разглабаме и да не се шириме во дискусии, би го повикал потпретседателот на Владата како највисок член на Владата од областа на стопанството господинот Јован Андонов да излезе и да го каже мислењето, " односно на Владата за предложените амандмани од комисиите за стопанство и за економска политика и развој и во врска со тие амандмани да си гласаме, а потоа да го изгласаме понудениот закон. За што, уште еднаш повторувам ако но го изгласаме овој закон прети Републиката да ја доведеме во еден хаос, бидејќи сите многу добро знаеме што се случува во нашето соседство, поготово на Север.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, добивме од претседателот на Комисијата за стопанство, Информација дека амандманите се прифатени од предлагачот и тие стануваат составен дел на Законот. Но, и покрај тоа што има потреба потпретседателот на Владата нека каже што мисли.

ЈОВАН АНДОНОВ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, јас се јавувам за збор само и само поради тоа што сум прозван. Инаку,не мислев да се јавувам, бидејќи два пати стануваа на оваа говорница да се потрудам да ви објаснам дека овој закон треба да најде место во дневниот ред на оваа седница на ова Собрание. Меѓутоа, кога веќе земав збор, сакам да ве убедам, а не знам на ко] начин, освен да ми верувате, дека етикетите што се обидоа да се поделат на Владата дека таа сака да ја преземе законодавната функција на Собранието или она уште полошото оваа Влада да сака да командува, мислам дека се тие сосема произволи и тврдам дека Владата нема таква намера.

Владата има единствена намера да ја заштити Републиката од постојните блокади, било тоа да се од Европската економската заедница, која веќе знаеме се повлече, но од блокадата од САД кои пред два, три дена се донесе и од блокадата што ја донесе нашиот северен сосед. Интересно е дека нашиот северен сосед не беше битно и воопшто не расправаше дали постои уставен основ или не, дали Владата сака да командува или не, дали Владата сака да ја преземе законодавната функција на Собранието, тој ги донесе познатите свои четири уредби и изврши една тотална блокада на стопанските токови од нашата Република. Ве молам, дали ние треба да реагираме брзо и оперативно на таков начин како што тие реагираа, оценете сами. Мислам дека најмалку имам право да се задржувам на тоа дали има уставен основ или не, еве гледате, некои правни:ди тврдат ј:-:с-.а нема, некои велат дека има, некои велат дека Владата има основ веќе и во постојниот устав да реагира, нашите правници велеа дека нема и затоа мислам дека не е штета да се донесе тој времен закон и да и дозволиме на Владата да реагира оперативно онака како што греба да реагира. Но, знам едно и го поставувам прашањето дали беше уставно кога се изврши упат во монетарниот систем од некои републики. Дали е уставно, земи ги девизите на граѓаните и кажи им, нема девизи. И ред други работи. Мислам дека треба да и погледнеме во очи на суштината,а не на формата. Формата никогаш не сум ја респектирал. Секогаш оправдано сум давал право и сум се залагал за суштината. Тоа не значи дека се зг1лагам да не го почитуваме Уставот. Во никој случај . Но, кога е во прашање тој народ на кој некои толку се повикуваат, па ве молам дали може тој народ да осиромаши ако оваа Влада донесува одлука за максимирање на цените на монополистичките производи на кои толку тој народ е огорчен. Земете ја цената на електричната енергија, цената на нафтените деривати, цената на комуналните услуги, за кои што се бараше зголемување до 150%.

ЈОВАН АНДОНОВ: (продолжение)

...дали во тој случај народот ќе осиромашеше или ќе осиромаши ако Собранието не овласти, а се разбира на кој начин не овластува, во рок од месец дена ние да го запознаеме и ако смета дека таа мерка е надмината навистина сме ја преземале оваа законодавна улога на Собранието може да донесе одлука и таа наша одлука ја анулира. Мислам дека така треба да се сфати нашето барање и никако поинаку. Ве молам, ние фактички не требаше да формираме како Влада ни кризен штаб, затоа што Владата требаше да делува рефлексно на сите оние опкруженија, но оценивме дека Владата е преголемо тело да може да реагира толку брзо, како што и цениме дека и Собранието е преголемо тело да може денеска, вечерва во 10,00 часот ако треба некоја мерка да се донесе да го известиме Собранието утре да се состане. Апсурд. Така да мислам, навистина и донекаде тоа е увредливо од некои пратеници кои сакаат да ја залепат таа етикета на Владата дека сака да командува и да презема некои мерки.

Уште со првите предлози на кризниот штаб до Владата да се донесат одредени одлуки кои мора да биде позитивни за севкупното стопанство ние го гледаме севкупното стопанство ние не гледаме одредена организација и ние не гледаме во краен случај ни стопанството но мора да ги гледаме граѓаните. Стопанската комора е таа која практично како асоцијација е задолжена да мисли на стопанството. Ние го имаме и тоа, но покрај него имаме и друга улога, да мислиме за стандардот на граѓаните. Од тука мора да преземаме таква мерка. Од каде сега таква критика одеднаш и по јавните гласила и по Комората. Жалосно е креаторите на таа политика

да се практично протагонистите на договорната економија. Интересно е да тие протагонисти на договорната економија успееја за толку кратко време да се трансформираат да станат најогорелите по државата или на пазарната економија. А колку ние имаме сега пазарна економија во овој момент оцените сами.

Благодарам и ве молам да го поддржите донесувањето на законот.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара) Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам

општиот претрес и на Собранието му предлагам да го донесе следниот

заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија.

Кој е за молам да крене рака?(55) Дали има некој -против? (10) Дали некој се воздржува од гласање? (5) За предлогот гласаа 55 пратеника и констатирам лека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на закон.

Отворам претрес во текстот на предлогот на законот.

Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој денес одржаа заедничка седница на која ги повлекоа поднесените амандмани и поднесоа нови амандмани со кои се согласи претставникот на предлагачот и тие стануваат составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратениците Тодор Петров и Иван Иванов поднесоа амандмани на член 1 став 3 и 4 односно на член 1-а.

Со овие амандмани не се произнесе и претставникот на предлагачот. Немаме информација дали претставникот на предлагачот по овие амандмани се произнел го прашувам господинот Петров со оглед на тоа што прифаќајќи го амандманот 3 од двете комисии, тој сега станува составен дел на законот дали смета дека е исцрпен неговиот амандман со амандманот на комисиите,

ТОДОР ПЕТРОВ:

Го повлекувам.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господинот Петров го повлекува амандманот.

Отворам претрес г; з амандманот за внесување на нов член 1-а поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Претставникот на Владата не го прифати овој амандман,

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

КоЈ е за молам да крене рака.

Дали е некој против(мнозинството пратеници).

Огромно мнозинство и бидејќи немаше поддршка за констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за внесување на нов член 1-а, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е 3.1 молам да крене рака? (58)

Дали *има* некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (8)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето на тековите на општествената репродукција во Република Македонија,

По повод донесувањето на законот за мерките што можат да со преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето нас токовите на општествената репродукција во Република Македонија Комисијата за стопанство и Комисијата за економска политика и развој му предлагаат на Собранието да го усвои следниот работен заклучок:

1. Владата на Република Македонија донесените мерки по овој закон веднаш по нивното донесување да ги достави до Собранието на Република Македонија.

2. Претседателството на Собранието доколку оцени за потребно во врска со тие мерки веднаш да свика седница на Собранието.

3. Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Молам кој е за предложениот заклучок да крене рака? (64)

Дали е некој против? (3)

Дали некој се воздржува од гласање? (1) Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Преминуваме на пратенички прашања.

ЈБУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Со оглед на негодувањето кое настана во салата предлагам оваа точка да ја одложиме за наредната седница, а доколку постојат некои прашања од итен карактер да можат да бидат доставени до службите и писмено.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Покрај ова можеме да ја користиме и деловничката можност да се поставуваат прашањата преку претседателот на Собранието по писмен пат.

Дали се согласуваме со овој предлог на господинот Јакимовски? (се согласуваат)

Ве известувам дека Владата на Република Македонија во времето помеѓу 23 и 27-та седница на Собранието достави одговори нас прашањата на пратениците Љубомир Поповски, Тодор Петров, Божо Рајчевски, Љупчо Јакимовски, Славјанка Стојанова, Панчо Минов, Томислав Стојановски, Санде Давчев, Тодор Диков, Наум Силјановски, Мерсим Положани, Вецко Личоски, Гоце Андоновски Биљана Лазаревска, поставени на 15-та и 20-та седница на Собранието во времето меѓу

23-та и 19-та седница, како и во времето меѓу 22-та и 27-та седница односно на дополнителните прашања на пратениците Горан Зафировски и Фаик Абди доставени на 20-та седница и меѓу 21-та седница на Собранието.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите има дополнителни прашања и ако имаат нека ги достават писмено и на наредната седница ќе добијат одговор.

Дневниот ред е исцрпен и ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 18,10 часот)